Библиски лекции



# Поуки од посланието на апостол Јаков

Година 100. Број 4
Октомври - Декември 2024

# СОДРЖИНА


1. Божја порака преку Јаков 5

2. Мудрост за справување 10

3. Соочување со искушението 15

4. Верата применета во пракса 20

5. Совладување на пристраноста 25

6. Вера на дело 31

7. Да се молиме пред да ја отвориме устата 36

8. Да избереме тема за размислување 41

9. Кроткоста на мудроста 46

10. Надминување на проблемите во однесувањето 52

11.Усвојување на попонизно гледиште 57

12. Да се фокусираме на небото 62

13. Да издржиме со вера 67


„Библиската поука не треба да се проучува со фрлање на еден брз поглед врз нејзиниот текст во сабота наутро, туку поуката за следната седмица треба внимателно да се проучи во сабота попладне, а потоа секојдневно да се повторува и расветлува во текот на седмицата. Така поуката ќе се вреже во нашата меморија како богатство кое никогаш нема целосно да се загуби“. - Воспитување 251.252.


Издава: Seventh Day Reform Movement General Conference, Sabbath School Department, Hollins Road, Roanoke, Virginia 24019 – 5048, USA.
За Македонија: Реформно движење на адвентистите на седмиот ден, 1300 Куманово, Моша Пијаде 85. Телефон: 076/466-322; e-mail: info@rdasd.mk: Web: www.rdasd.mk
Во цитираните библиски стихови користени се следните преводи: Библија (Библиско здружение 2006) и Библија (превод Д-р/Др Душан Х. Константинов).
Одговорен уредник: Часлав Дичевски

Година 100, Број 4


Библиските лекции претставуваат програма за секојдневно тематско проучување на Божјото Слово, заснована само на Библијата и Духот на пророштвото, без додатни коментари. Прашањата се така формулирани што овозможуваат директен и концизен одговор. Зборовите во заграда се додадени поради појасно разбирање на контекстот и потечно читање. Проучувањето на дадените теми со помош на цитираните дела е мошне препорачливо.

# Предговор

Посланието на Јаков е многу директно. Колку многу ни се потребни пораките во него во моментов! Така, во следните три месеци, учениците во Саботната школа ширум светот ќе истражуваат во Поуките од Посланието на Јаков. Суштински важни мисли за влијанието на јазикот (за добро или зло), послушност кон Бога со вера, силата на молитвата и примерот на Илија се само некои од клучните теми. Зошто сето ова е толку важно денес?

„Гревот на овој век е непочитување на дадените Божји заповеди. Моќта на погрешно насоченото влијание е многу голема“. – 3 Сведоштво, 483.

„Никој нека не се лаже верувајќи дека може да стане свет додека намерно престапува некоја Божја заповед. Гревот што свесно го правиме го замолкнува гласот на Светиот Дух и ја одвојува душата од Бога. Гревот е престап на Законот, а ’секој што греши (го престапува Законот), не Го видел, ниту Го познал’“ (1 Јованово 3:16)“. *– Големата борба, 472.*

„И денес потребно е да се подигне глас на строг укор, затоа што народот заради своите тешки гревови се одвоил од Бога. Неверството станало мода. ’Не сакаме овој човек да царува над нас’ (Лука 19:14). Така денес зборуваат илјадници луѓе. Нежните проповеди кои така често ги слушаме, не оставаат никаков впечаток на слушателите: на трубата не и се дава јасен звук. Острите вистини на Божјата реч не допираат до срцата на луѓето.

Има многу христијани кои, кога би го изразиле токму она што го чувствуваат, би кажале: ’Зар е потребно да се зборува толку остро? Таквите исто така би можеле да се запрашаат: Зар било потребно Јован Крстител да им каже на фарисеите: Породи аспидини, кој ви рече да бегате од гневот кој иде?’ (Лука 3:7) Зарем требал да го предизвикува гневот на Иродијада велејќи му на Ирод дека го престапува законот со тоа што ја има за жена сопругата на братот негов? Христовиот претходник го загубил животот затоа што им ја кажувал на луѓето вистината. Зар не можел убаво да живее, не изложувајќи се на гнев од оние кои живееле во грев?

Така постапувале луѓето чија должност била да бидат верни чувари на законот Божји, сè додека личниот интерес не стапил на местото на верноста и додека не се дозволило гревот да помине без укор. Кога во заедниците повторно ќе се слушнат зборови на верен укор?“ *– Пророци и цареви, 140,141.*

„Секој син и секоја Адамова ќерка има широки можности самостојно да стекне сознание за божествената волја, да стане совршен христијанин и да се очисти преку вистината“. *– 2 Сведоштво, 644.*

„На сите навистина ни е потребна Божја помош и целосно сме убедени дека на секоја молитва која ја упатуваме искрено и со вера, одговорот сигурно нема да изостане. Одговорот можеби секогаш нема да биде онаков каков што ние очекуваме, но ќе дојде тогаш кога ќе ни биде најпотребен“. *– 3 Сведоштво, 209.* Амин!

*Оддел на Генералната конференција за Саботна школа*

# Дар во првата сабота за црквата во Рединг, Пенсилванија, САД




Источното поле на САД е поделено на осум географски области кои се состојат од државите Пенсилванија, Њујорк, Конектикат, Род Ајленд, Масачусетс, Мејн, Вермонт и Њу Хемпшир. Делото во Пенсилванија бележи брз напредок во моментов.

Се проценува дека над 53% од луѓето во оваа држава се религиозни - составени од методисти, лутерани, баптисти, пентекосталци и други, со 28,3% католици. Во раните колонијални времиња, Пенсилванија беше прибежиште за имигрантите кои бараа верска слобода да избегаат прогонство во Европа. Овој историски факт е евидентен во големиот број традиционални верници Амиши кои продолжуваат да живеат во големи фарми низ округот Ланкастер, облечени во обична облека и патувајќи со коњи и кочии.

Со текот на годините, во Пенсилванија живееја неколку членови на РДАСД и тука беше обезбедена и мисионерска обука. Меѓутоа, сегашното заживување на интересот за сегашната вистина започна во 2016 година во градот Рединг, откако двајца членови се преселија овде од Њујорк. Групата се прошири и почна да се состанува секоја сабота попладне, во текот на летото во паркот, а во зима во домот на една сестра. По неколкумесечно проучување, многумина се крстија во Реформската вера.

Рединг има население од над 95.000 луѓе и е производствен центар за електронски компоненти, медицински помагала, технологија за складирање енергија и многу повеќе. Нашата црква овде сега е најголема во рамките на Источното американско поле. Се подготвуваат повеќе нови души да му се придружат на Божјиот народ. Во моментов, вршиме богослужение во изнајмен објект и би сакале да го изградиме нашиот објект и да ги прошириме нашите активности и да допреме до уште повеќе души. „Секаде каде е организирана група верници, треба да се изгради дом за богослужба... На многу места каде што пораката е проповедана и душите ја прифатиле, нивните можности се ограничени и многу малку можат да придонесат за создавање услови кои би создале поволна слика за делото. Ширењето на делото често се покажува како тешка задача.“ – *Евангелизам, 376.*

Бидејќи ова е и наш случај, апелираме до нашите браќа и пријатели ширум светот да ни помогнат да изградиме дом за молитва во областа Рединг, така што уште поголем број души ќе дојдат во трлото. Вашата љубезна дарежливост ќе биде многу ценета и Господ ќе ве благослови.

***Вашите браќа од источното поле на САД***

# Божја порака преку Јаков

**„Јаков, слуга на Бога и на Господ Исус Христос, испраќа поздрав до дванаесетте племиња, кои живеат раселени“ (Јаков 1:1).**

„Ниту една личност, ниту еден народ не е совршен во секоја своја постапка и секоја помисла. Секој мора по нешто да научи од другиот. Според тоа, Бог сака различните народности тесно да се поврзат, подеднакво да расудуваат и да се стремат кон една иста цел. Тогаш ќе се покаже единство кое е во Христа“. *– 9 Сведоштво, 180,181.*

**ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРОЧИТАТЕ:** *9 Сведоштво, 190–203.*

Недела 29. септември

## 1. ХРИСТОВИТЕ УЧЕНИЦИ

**а. Кои биле тројцата мажи по име „Јаков“ кои биле поврзани со Христос - и на кој од нив обично се фокусираме? Матеј 10:2,3; 13:55.**

**б. Наведете неколку посебни моменти со Исус што ги доживеал Јаков, братот на Јован. Лука 8:51-55; Матеј 17:1,2; Марко 14:32-34.**

„Јован, Зеведеевиот син, бил еден од првите двајца ученици кои тргнале по Исуса. Тој со својот брат Јаков и припаѓал на онаа прва група која оставила сè заради Неговата служба. Радосно тие ги оставиле својот дом и своите пријатели за да бидат со Него; тие со Него патувале и разговарале; со Него биле во приватноста на домашниот живот и на јавните собири. Тој ги смирувал нивните стравови, ги ослободувал од опасност, им ги олеснувал страдањата, ги тешел во тагата и ги поучувал со трпение и нежност, додека срцата не им прираснале за Него до таа мера, што во својата огнена љубов посакале да бидат најблиску до Него во Неговото царство“. *– Копнежот на вековите, 548.*

„Близу до влезот на градината Исус се одвоил од сите ученици, освен од тројца, кои ги повикал да се молат за себе и за Него. Со Петар, Јаков и Јован, Тој се повлекол во најосамениот дел од градината. Овие тројца ученици биле Негови најблиски придружници... сега, во Својата голема борба, Христос сакал тие да бидат во Негова близина. На ова место, тие често минувале ноќи заедно со Него“. *– Копнежот на вековите, 686.*

## 2. ПИЈТЕ ОД ЧАШАТА

**а. Опишете ја првобитната цел на Јаков, синот на Зеведеј, и неговиот брат Јован. Марко 10:35-38.**

_______________________________________________________________

„Во секоја прилика Јован заземал место најблизу до Спасителот, а Јаков копнеел по тоа да биде почестен со исто толку Близок однос со Него.

Нивната мајка била Христов следбеник и доброволно му служела Нему со својот имот. Со мајчинска љубов и амбициозност за своите синови, за нив посакувала најпочесни места во новото царство. Затоа ги поттикнувала да го постават своето барање.

Мајката и синовите дошле заедно кај Исуса со молба да исполни едно нивно барање кое многу им значело.

'Што сакате да ви сторам?' прашал Тој.

Мајката одговорила: 'Заповедај овие мои два сина да седнат во Твоето царство едниот десно, а другиот лево од Тебе.'

Исус постапувал нежно кон нив, не укорувајќи ги поради нивната себичност што побарале да бидат над своите браќа. Ги прочитал нивните срца и знаел колку е длабока нивната приврзаност кон Него. Нивната љубов не била само едно човечко чувство; иако осквернета од земноста на човечкиот канал, таа сепак извирала од изворот на Неговата сопствена откупувачка љубов. Тој не сакал да укори, туку да продлабочи и очисти. Тој рекол: 'Можете ли да ја пиете чашата што ќе ја пијам Јас и да се крстите со крштевањето со кое ќе се крстам Јас?' Се сетиле на Неговите загадочни зборови кои навестувале неволји и страдање, но самоуверено одговориле: 'Можеме'. Сметале дека е најголема чест што можат да ја докажат својата лојалност, учествувајќи во сè што треба да му се случи на нивниот Господ.

'Мојата чаша навистина ќе ја пиете и ќе бидете крстени со крштевањето со кое ќе се крстам Јас,' рекол Тој; пред Него бил крст наместо престол, двајца разбојници, како придружници од Неговата десна и лева страна". – *Копнежот на вековите, 548,549.*

**б. Што се случило со Јаков и неговиот брат Јован, по Господовото вознесение - токму како што прорекол Христос? Дела 12:1,2; Откровение 1:9.**

_______________________________________________________________

„Јован и Јаков требало да учествуваат во страдањата на својот Учител; првиот брат загинал од меч, а другиот, најдолго од сите морал да поднесува маки, прекори и прогонство". – *Копнежот на вековите, 549.*

## 3. КОЈ ГО НАПИШАЛ ПОСЛАНИЕТО?

**а. Како вдахновението го опишува Јаков, синот на Алфеј - еден од дванаесетте ученици (тоа не е Зеведеевиот син, братот на Јован)? Марко 15:40.**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

„Тука бил Леви Матеј, цариник, повикан од еден живот на деловна активност и подложност на Рим; ревнителот Симон, непопустливиот непријател на царскиот авторитет; Петар, избувлив, самоуверен и со добро срце и Андрија, неговиот брат; Јуда Јудеецот, угладен, способен, но со алчен дух; Филип и Тома, верни и искрени, но со срце бавно за верба; Јаков Алфеев и Јуда Јаковов, помалку истакнати меѓу браќата, но енергични луѓе, упорни и во своите мани и во доблестите; Натанаил, како дете по искреноста и довербата; и синовите Заведееви, честољубиви, но со верни срца“. – *Воспитување, 85.*

**б. Зошто е веројатно дека авторот на посланието на Јаков (кој бил наречен апостол затоа што лично го познавал Господ) бил полубрат на Христос - и како неговиот опис на самиот себеси покажува дека неговиот карактер бил преобразен од Господовото влијание? Јаков 1:1 (прв дел).**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

„Христос беше погрешно разбран од своите браќа, зашто Тој не бил како нив. Тој работеше на олеснување на страдањата што ги видел и секогаш беше успешен. Немал многу пари за подарување, но често ја делел својата скромна храна со оние за кои сметал дека им е повеќе потребна. Неговите браќа сметале дека Неговото влијание е целосно спротивно на нивното; додека тие грубо им се обраќале на сиромашните, понизни души со кои стапуваа во контакт, Христос ги бараше токму таквите и им зборуваше зборови на охрабрување. Кога во кругот на семејството не можеше да направи повеќе, Тој, во тишина и тајност, ќе им дадеше на бедните луѓе на кои се обидуваше да им помогне, чаша ладна вода, а потоа ќе им го дадеше сопствениот оброк во нивните раце“. – *This Day With God, p. 59.*

**в. Како Павле ја покажал својата почит кон Јаков, братот на Исус? Галатјаните 1:17-19; Дела 21:18.**

## 4. ПОЈАСНУВАЊЕ НА НЕКОИ ПРАШАЊА

**а. Што открива дека Јаков, Христовиот брат, бил влијателен човек на важен собор во раната црква? Дела 15:5,6,13,19,20.**

______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________

„Во овој случај, по сè изгледа дека Јаков бил избран да ја објави одлуката што ја донеле делегатите на соборот. Суштина на таа одлука била - обредниот закон, особено прописот за обрезание - не треба да наметнува, па дури ни да им се препорачува на незнабошците. Јаков се трудел да ги увери своите браќа дека незнабошците, прифаќајќи го Бога, во голема мера го измениле својот живот, дека треба внимателно да се одбегнува да не се доведат во забуна со нејасни прашања од помалечко значење за да не се обесхрабрат во својата желба да го следат Христа“. – *Делата на апостолите, 195.*

**б. Кое вообичаено — но погрешно тврдење — е побиено со истакнатата улога на Јаков на овој важен совет? Матеј 16:18.**

______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________

„Јаков претседавал со соборот и неговата конечна одлука гласела: ’Затоа сметам дека не треба да ги вознемируваме незнабошците кои се обраќаат кон Бога.’

Така е завршена дискусијата. Овој пример го побива и тврдењето на Римокатоличката црква дека Петар бил глава на црквата. Оние што тврдат, како папата, дека се негови наследници, за таа своја претензија немаат никаков библиски темел. Во животот на Петар нема ништо со што би се докажало дека тој бил издигнат над своите браќа, како заменик на Севишниот. Кога оние што тврдат дека се Петрови наследници би го следеле неговиот пример, секогаш би се задоволиле да останат рамноправни со своите браќа“. – *Делата на апостолите, 194.*

„Спасителот не му го доверил делото на евангелието лично на Петар. Подоцна, повторувајќи ги зборовите што му ги изговорил на Петар, Тој ги аплицирал директно на црквата. И истото во суштина било изговорено на дванаесетмината, како на претставници на сите верници. Ако Исус му одредил некоја посебна власт на еден од учениците над другите, ние не би читале за тоа како често се расправале кој од нив треба да биде најголем. Тие би се покориле на желбата на својот Господ и би го почитувале оној што Тој го одбрал“. – *Копнежот на вековите, 414.*

## 5. БОЖЈИ ИЗРАЕЛ

**а. До кого е напишано ова послание и како ги вклучува сите што го прифаќаат Исус како Господ? Јаков 1:1 (втор дел); Галатјаните 3:27-29.**

„Во Божјиот Израел мора да се вбројат и мнозина кои не се Аврамови потомци по крв“. – *Пророци и цареви, 367.*

„Христос со Својот живот основал религија во која нема привилегирана група, религија која и Евреите и незнабошците, и слободните и робовите се поврзани во заедничко братство, еднакви пред Бога“. – *9 Сведиоштво, 191.*

„Христијанството создава силна врска на единство меѓу господарот и робот, меѓу царот и неговите приврзаници, меѓу проповедникот на евангелието и најпонижениот грешник кој во Христа се исчистил од сите свои гревови“. – *Делата на апостолите, 460.*

**б. Какво име е дадено во пророштвото на последниот духовен Израел — и како е опишано нивното искуство непосредно пред Христовото враќање? Откровение 7:4.**

„Наскоро потоа го слушаме Божјиот глас, сличен на бучење на силни води, кој го објавува денот и часот на Христовото доаѓање. Живите свети, 144.000 на број, го познаваат и разбираат гласот, додека непокајаните мислат дека тоа е грмотевица и земјотрес...

Припадниците на групата од 144.000 се запечатени и совршено обединети. На нивните чела се запишани зборовите: ’Бог, Новиот Ерусалим,’ и блескоти по една величествена ѕвезда во која се наоѓа Исусовото ново име. Гледајќи ја нашата среќа и светост, безбожниците се гневат и жестоко навалуваат да не се струполат во провалијата, но ние ги подигаме рацете во името на Господ и тие беспомошно паѓаат на земјата. Тогаш оние од заедницата на сатаната увидуваат дека Бог навистина нè љуби, нас кои си ги миевме нозете еден на друг и кои ги поздравувавме браќата со свет бакнеж, и доаѓаат да се поклонат пред нашите нозе. (Откровение 3:9)“. – *1 Сведиоштво, 59.*

Петок 4. октомври

### ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

1. **Како Јаков, синот Заведеев, станал посличен на Христа?**
2. **Како Јаков, полубратот на Исус, станал посличен на Христа?**
3. **Кои докази во Светото писмо покажуваат дека Петар не бил главен апостол?**
4. **Како Павле го објаснува единството и еднаквата вредност на сите христијани?**
5. **Што ја илустрира конечната победа на Божјиот духовен Израел?**

# Мудрост за справување

**„Ако некому од вас му недостига мудрост, нека ја побара од Бога, Кој на сите им дава изобилно и без приговарање - и ќе му се даде“ (Јаков 1:5).**

„Не мора да одите до краиштата на земјата за мудрост, бидејќи Бог е близу. Способностите што ги имате сега или што ќе ги стекнете допрва нема да ви обезбедат успех. Успех ќе ви обезбеди она што Бог може да го стори за вас... Тој сака да ви помогне да ги разберете и земните и духовните работи. Тој може да ја изостри вашата интелигенција. Тој може да ви даде тактичност и вештина. Употребете ги своите таленти во работата, барајте од Бога мудрост и таа ќе ви биде дадена“. – *Христовите поуки, 146*.

**ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРОЧИТАТЕ:** *1 Сведоштво, 120,121; 2 Сведоштво, 232-235.*

Недела 6. октомври

## 1. МОЛЕЊЕ ЗА МУДРОСТ

**а. Зошто навистина ни треба повеќе од човечка мудрост во животот, и како таа ни е достапна? Јаков 1:5.**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

„Ние треба да имаме многу помалку доверба во она што човекот може да го стори, а многу повеќе доверба во она што може Бог да го стори за секоја душа што верува. Тој копнее да Го побарате со вера. Тој сака од Него да очекувате големи работи“. – *Христовите поуки, 146.*

„Самото слушање проповеди од сабота во сабота, повторно и повторно читање на Библијата или нејзино објаснување стих по стих, нема да имаат никаква полза ниту за нас, ниту за оние што нè слушаат, освен ако ги внесеме библиските вистини во нашето лично искуство. Нашиот разум, волјата, наклоностите, мораат да бидат подложени на Божјата Реч. Тогаш, под влијание на Светиот Дух, исполнувањето на Словото ќе стане принцип на нашиот живот.

Додека барате помош од Бога, почитувајте Го вашиот Спасител, така што ќе верувате дека ќе го примите Неговиот благослов. Сета моќ и сета мудрост ни стојат на дофат. Треба само да побараме“. – *Здравје и среќа, 514.*

## 2. ОСНАЖЕНИ СО ВЕРА

### а. Каква корист ќе имаме ако ја сметаме Божјата мудрост многу повисока од нашата, дури и во обичните работи во животот? Изреки 3:3-8.

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

„’Ако некому од вас му недостига мудрост, нека ја побара од Бога, Кој на сите им дава изобилно и без приговарање - и ќе му се даде’ (Јаков 1:5). Ваквото ветување вреди повеќе од злато и сребро. Ако во понизност на срцето барате божествен совет во секоја неволја и несреќа, Неговото слово ветува дека милостиво ќе ви биде дадена. А Неговото слово не може да остане неисполнето. Небото и земјата можат да поминат, но Неговото слово никогаш нема да помине. Надевајте се на Господа и никогаш нема да се посрамите и да се разочарате. ’Подобро е да се надевам во Господ, отколку да се надевам во човек. Подобро е да се надеваш во Господ, отколку да се надеваш во кнезови’ (Псалм 118:8,9).

Каква и да е положбата што ја заземате во животот, каква и да е вашата професија, секогаш мораме да бидеме понизни и да чувствуваме потреба за помош. Ние мораме да се потпреме на учењето на Божјата Реч, прифаќајќи го секогаш Неговото провидение, и верно да ја излеваме нашата душа пред Него во молитва. Ако, драги браќа, се потпрете само на вашето расудување, и ако одите по вашите патишта низ животот, ќе жнеете жалост и разочарување. Надевајте се во Господа со сето ваше срце и Тој мудро ќе управува со вашите чекори и вашите интереси ќе бидат безбедни во овој и во идниот живот. Потребни ви се светлина и сознание. Вие за совет ќе се обратите на Бога или на вашите срца; вие ќе одите во искрата што самите сте ја запалиле или ќе ги собирате зраците на божествената светлина кои доаѓаат од Сонцето на Праведноста“. – *5 Сведоштво, 427.*

### б. Зошто треба да престанеме да се потпираме толку многу на други луѓе за водство? Еремија 17:5-8.

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

„Кога сте збунети и кога ќе се соочите со тешкотии, не барајте луѓето да ви помогнат. Доверете му се на Бога. Обичајот да им ги кажуваме на другите нашите тешкотии само нè прави послаби, и не ни дава никаква сила. Со тоа и ним им го наметнуваме товарот на нашите духовни слабости од кои тие не можат да нè ослободат. Ние бараме сила од грешни, смртни луѓе, во мигот кога можеме да добиеме сила од непогрешливиот, бесконечен Бог“. – *Христовите поуки, 146.*

## 3. РАЗВИВАЊЕ ПОГОЛЕМА СТАБИЛНОСТ

**а. Кој услов треба да го исполниме пред Господ да може да одговори на нашата молитва? Јаков 1:6 (прв дел); Марко 11:24. Објаснете со пример за тоа како можеме да одлучиме да развиеме сила во овој поглед. 1 Коринтјаните 6:3-5.**

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

„Меѓутоа, малку луѓе ги сфаќаат одговорностите кои лежат на малиот број на проповедници кои го носат товарот на делото. Браќата често ги одвојуваат овие луѓе од нивната работа за да помогнат во нивните ситни тешкотии или за да решат некој спор во црквата, кој тие би можеле и кој би требало сами да го извршат. 'Ако некому од вас му недостига премудрост, нека бара од Бога Кој му дава секому без разлика и не кори никого и ќе му се даде. Но нека бара со вера, не сомневајќи се ништо'. Тој мора да биде ревен и истраен. Ако се двоуми и постојано сомнева дека Господ навистина ќе го прави она што ветил, нема да прими ништо.

Многумина очекуваат нивните проповедници да им донесат светлина од Бога, сметајќи дека тоа е полесно отколку сами да му пријдат на Бога и да ја побараат од Него. Таквите луѓе многу губат. Кога би сакале секој ден да Го следат Христа и да Го земат за свој водач и советник, би стекнале јасно познавање на Неговата волја, а со тоа и драгоцено искуство. Токму затоа што го немаат тоа вистинско искуство, браќата кои ја исповедаат вистината одат во искрите натуѓиот факел, не го признаваат гласот на Божјиот Дух и не знаат за Неговата волја. Затоа лесно можат да се оддалечат од верата. Тие се непостојани, затоа што очекуваат други да стекнат искуство за нив“. *– 2 Сведоштво, 643,644.*

**б. Со што се споредува таканаречениот христијанин чија вера почнува да се колеба? Јаков 1:6 (последен дел); Создавање 49:4 (прв дел); Како можеме да го избегнеме ова?**

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

„Христијаните кои постојано ги занемаруваат духовните состаноци и молитвата, во повеќето случаи стануваат колебливи и попуштаат во верата“. *– 4 Сведоштво, 106.*

„Примете ја Христовата реч како ваша гаранција. Зарем Тој не ве повикал да дојдете кај Него? Никогаш немојте да изговарате зборови што обесхрабруваат и што ја уништуваат надежта! Ако постапувате така, ќе изгубите многу. Гледајќи ги само надворешните околности и жалејќи се кога ќе дојдат тешкотии и притисоци, вие докажувате дека вашата вера е болна и слаба. Зборувајте и однесувајте се како вашата вера да е непобедлива“. *– Христовите поуки, 146,147.*

## 4. ИЗБЕГНУВАЊЕ НА ПОДЕЛЕНО СРЦЕ

**а. Како можеме да бидеме сигурни дека нашата молитва за мудрост ќе биде услишена? Лука 18:1; Јаков 1:6,7.**

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

„Нашата молитва во која бараме да ни се подари мудрост не смее да биде лекомислена, не смееме да заборавиме на неа штом ќе ја изговориме. Тоа мора да биде молитва која изразува силна, искрена желба на срцето, која потекнува од свеста дека ни недостасува мудрост со чија помош би ја разбрале Божјата волја.

Ако веднаш не добиеме одговор на оваа молитва, не смееме да се измориме и да станеме колебливи. Не попуштајте. Држете се цврсто за ветувањето: „Верен е оној кој ве повика, кој тоа и ќе го направи". Барајте како упорната вдовица, не попуштајте во своето барање и бидете постојани. Дали ви е битно тоа што го барате? Дали тоа ќе има големо влијание во вашиот живот? Сигурно дека ќе има. Тогаш не попуштајте, бидејќи тука може да се испитува вашата вера. Ако она што го барате е од голема важност, тогаш заслужува ваш истраен труд. Имате ветување, и затоа бдејте и молете се. Бидете истрајни и ќе добиете одговор на својата молитва. Зар не е Бог Тој што ви ветил? Ако нешто ве чини за да го примите тоа ветување, тогаш повеќе ќе го цените кога ќе го добиете. Јасно ви е речено дека нема ништо да примите од Господа ако се колебате. Имате опомена да не се уморите, туку цврсто да се потпрете на ветувањата. Ако барате, Бог обилно ќе ви даде и нема да ве прекорува.

Овде мнозина прават грешка. Почнуваат да се колебаат и нивната вера слабее. Од таа причина и не добиваат ништо од Господа, кој е Извор на нашата сила. Никој не треба да оди во темнина и да се сопнува како слеп, бидејќи Господ праќа светлина на оние што сакаат да одат по Неговиот, а не по свој пат. Тој бара од сите совесно да ги исполнуваме своите секојдневни должности". – *2 Сведоштво, 130,131.*

**б. Зошто треба да избегнуваме двоумење? Јаков 1:8; Псалм 86:11.**

„Иако многумина се изјаснуваат дека се христијани, тие се под влијание на светот и нивните чувства не се насочени кон Бога. Тие со двојни мерила се обидуваат да му служат на Бога и на мамонот во исто време... Обидувајќи се да им служат на двајца господари, тие се нестабилни во секој поглед и на нив не може да се потпре...

Која е користа од кажување пријатни зборови, жалење на делото на сатаната, а сепак истовремено да се влезе во исполнување на сите негови планови? Ова значи да се биде дволичен". – *The SDA Bible Commentary [E. G. White Comments], vol. 7, p. 938.*

Четврток 10. октомври

## 5. СЕЌАВАЊЕ НА ЈАКОВ

**а. Како Исус го илустрира интензитетот со кој треба да се молиме за сила да ја вршиме Божјата волја? Матеј 11:12.**

„’Царството небесно трпи насилство и насилниците го земаат насила.’ Ова насилство го опфаќа целото срце. Да се биде дволичен значи да се биде нестабилен. Делото на подготовка бара одлучност, самопожртвуваност и посветен напор. Разбирањето и совеста можат да бидат обединети, но ако волјата не функционира, ќе доживееме неуспех. Секоја способност и чувство мораат да бидат ангажирани. Стравот и сесрдната молитва мора да го заземат местото на безволноста и рамнодушноста. Само со сериозен, одлучен напор и вера во Христовите заслуги можеме да станеме победници и да го стекнеме царството небесно. Нашето време за работа е кратко. Христос наскоро ќе дојде по втор пат“. – *The SDA Bible Commentary [E. G. White Comments], vol. 1, p. 1096.*

„Со големата вистина што сме имале привилегија да ја примиме, и со силата на Светиот Дух би можеле да станеме живи канали на светлината. Тогаш би можеле да се приближиме до престолот на милоста; и, гледајќи во виножитото на ветувањето, клекнете со скрушени срца и барајте го царството небесно со духовно насилство што ќе донесе своја награда. Ќе го земеме Божјото царство со сила, како и Јаков. Тогаш нашата порака ќе ја претставува Божјата сила за спасение. Нашите молитви би биле полни со сериозност, полни со чувство на нашата голема потреба и нема да бидеме одбиени. Вистината би била откриена со нашиот живот и карактер и со усти допрени со живиот јаглен од Божјиот олтар.

Кога ова искуство ќе стане наше, ќе бидеме издигнати од бедата и ништожноста на нашето ’јас’, кое толку нежно сме го чувале. Ќе ги испразниме нашите срца од себичноста што го нагризува како рѓа и ќе бидеме исполнети со пофалби и благодарност кон Бога. Ќе Го величаме Господа, Богот на секоја благодат, Кој Го возвеличи Христос. И преку нас ќе ја открие Својата сила, правејќи нѐ како остри српови на жетварското поле. Бог го повикува Својот народ да Го открие“. – *Reflecting Christ, p. 217.*

Петок 11. октомври

### ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

1. **Опишете некои суштински важни чекори за добивање поголема мудрост од небото.**
2. **Што се случува кога сме задоволни да се потпреме на човечкото знаење?**
3. **Како можам да го направам мојот дел за да им дадам на проповедниците повеќе време да се фокусираат на новите души?**
4. **Во кои области од животот можам да покажам повеќе двоумење отколку што сфаќам?**
5. **Објаснете ја моќта и важноста на борењето на Јаков за последните денови.**

# Соочување со искушението

**„Блажен е оној човек кој издржува искушение, бидејќи откако ќе биде проверен, ќе добие венец на животот, што Господ им го ветил на оние кои Го сакаат“ (Јаков 1:12).**

„Зборувајте и постапувајте во склад со вашите молитви. Бесконечно многу ќе добиете ако неволјите покажат дека вашата вера и вистинска или ќе покажат дека вашите молитви се само форма“. – *Христовите поуки, 146.*

**ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРОЧИТАТЕ:** *3 Сведоштво, 477-492.*

Недела 13. октомври

## 1. ФАКТОР ЗА ДУХОВЕН РАСТ

**а. Опишете ја тајната за тоа како Јаков 1:2 може да се исполни во нас. Неемија 8:10.**

„Сите искушенија кои ги примаме како воспитно средство ќе ни донесат радост. Целиот религиозен живот ќе биде воздигнувачки, облагородувачки, мирис на добри зборови и дела. Непријателот е задоволен кога душите се потиштени, скршени и тажни и кога воздивнуваат. Тој сака токму таков впечаток да се стекне за нашата вера. Но Божја намера не е нашиот дух да се спушта толку ниско. Тој сака секоја душа да триумфира во силата на Откупителот која нè одржува“. – *6 Сведоштво, 365,366.*

**б. Зошто Бог дозволува да нè снајдат искушенија? Јаков 1:3; Римјаните 5:3.**

„Доколку ги пребродиме сите неволји и се здобиеме со победа над сатанските искушенија, тогаш сме го издржале испитувањето на нашата вера, која е многу повредна од злато и сме станале посилни и поподготвени да се соочиме со она што ни претстои. Но ако тонеме и попуштаме под сатанските искушенија, сè повеќе ќе слабееме, ќе ја изгубиме наградата која што следува за поднесеното испитување и нема да бидеме добро подготвени за следното. На тој начин ќе стануваме сè послаби и послаби, сè додека сатаната потполно не нè зароби и потчини на својата волја. Мораме да го имаме на себеси сето оружје Божјо и да бидеме подготвени во секој момент за судир со силите на темнината“. – *Рани списи, 46.*

## 2. ПОДОБРИ РЕЗУЛТАТИ ОТКОЛКУ ШТО СМЕ ЗАМИСЛИЛЕ

**а. Објаснете ги придобивките од вежбањето трпение. Јаков 1:4; Лука 21:19.**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

„Бог е многу мудар и добар, за секогаш да одговара на нашите молитви во време и на начин што ние го посакуваме. Тој сака да стори за нас нешто далеку повеќе и подобро, отколку да ги исполни сите наши желби. Поради тоа што можеме да се потпреме на Неговата мудрост и љубов со целосна доверба, не треба да настојуваме Тој да ја прифати нашата волја, туку да настојуваме да ги сфатиме и исполнуваме Неговите далекусежни намери. Неговата волја треба да биде над сите наши желби и интереси. Искуствата што претставуваат проба за нашата вера, се допуштени за наше добро. Преку нив се открива дали нашата вера е вистинска и искрена, дали се темели единствено на Божјата Реч, или е зависна од околностите и е непостојана, несигурна и променлива. Верата се зајакнува со вежба. Мораме да бидеме трпеливи до крај, имајќи на ум дека во Светото Писмо се наоѓаат скапоцени ветувања за оние, кои чекаат на Господа“. – *Здравје и среќа, 231.*

**б. Како и зошто Јаков ни покажува поголема слика од само привремениот поглед на моќта и просперитетот во овој корумпиран свет? Јаков 1:9-11.**

„Во ова време, пред големата конечна криза, како и пред првото уништување на светот, луѓето се занесени во уживања и задоволувања на телесните желби. Окупирани со она што е видливо и поминливо, тие го загубиле предвид она што е невидливо и вечно. Ги жртвувале непропадливите богатства за она што со употреба се истрошува. Нивниот ум треба да се издигне, нивниот поглед на живот да се прошири. Тие мораат да се разбудат од мртвилото на световните соништа.

Од подемот и падот на народите, како што е јасно наведено на страниците на Светото писмо, тие треба да научат колку е безвредна славата ако е само надворешна и световна. Вавилон, со сета своја моќ и сјај, какви што светот оттогаш нема видено - моќ и сјај кои на луѓето од тоа време им изгледале толку стабилни и трајни - исчезнал без трага! Пропаднал како ’полски цвет’! Така пропаѓа сè што не е втемелено на Бога. Непоминливо може да биде само она што е во согласност со Неговите намери и што е одраз на Неговиот карактер. Неговите принципи се единственото трајно нешто во овој свет“. – *Воспитување, 183.*

„Световните богатства се минливи. Само преку Христа можеме да добиеме вечно богатство“. – *The Review and Herald, December 10, 1901.*

## 3. ВО ЖАРОТ НА БОРБАТА

### а. Што мора да правиме во молитва кога ќе се соочиме со искушението, и зошто? Јаков 1:12.

________________________________________________________________________________
________________________________________________________________________________

„Отфрлете го секое преправање и секоја извештаченост. Бидете едноставни и природни. Бидете вистинити во секоја мисла, во секој збор и секоја постапка и ’со братска љубов бидете еден кон друг љубезни. Со чест правете го другиот поголем’. Секогаш имајте на ум дека моралната природа мора постојано да се зацврстува со постојана будност и молитва. Сè додека својот поглед го насочувате кон Христа, ќе бидете сигурни; но оној момент кога ќе почнете да мислите на своите жртви и тешкотии, кога ќе почнете да се сожалувате самите себеси, вие ја губите својата поддршка во Бога и се изложувате на голема опасност“. – *4 Сведоштво, 522.*

„Мораме постојано да одиме напред, не губејќи никогаш храброст или надеж во доброто дело, какви и да се искушенијата на нашиот пат, каков и морален мрак да нè опкружува. Трпение, вера и љубов спрема должностите - тоа се поуките кои мораме да ги научиме. Победувањето на самиот себе и угледувањето на Исуса е секојдневна должност. Господ никогаш нема да ги напушти душите кои на Него се надеваат и кои ја бараат Неговата помош. Круната на животот се става само на челото на победникот“. – *5 Сведоштво, 70,71.*

### б. Зошто е погрешно да се каже дека Бог испраќа искушенија и проби? Јаков 1:13.

________________________________________________________________________________
________________________________________________________________________________

„Ние не треба да се обидуваме да ја намалиме нашата вина барајќи некаков изговор за гревот. Ние мораме да ја прифатиме Божјата проценка за гревот, а таа е навистина тешка...

Искушение е мамење на грев и тоа не потекнува од Бога, туку од сатаната или од злото кое се крие во нашето сопствено срце. ’Бидејќи Бог со зло не се искушува, и Тој никого не искушува’“ (Јаков 1:13).

Сатаната се труди да нè наведе на искушение за да го открие пред луѓето и ангелите злото кое се наоѓа во нашиот карактер, и да може да полага право на нас како на Своја сопственост... Сатаната нè наведува на грев, а потоа пред целата вселена нè обвинува дека не сме достојни на Божјата љубов“. – *Мисли од горато, 116,117.*

### в. Кога обвинителот го напаѓа нашиот извалкан карактер, како Господ нè брани? Захарија 3:1-4; 1 Јованово 1:9-2:1.

## 4. БОЖЈА СИЛА ВО НАШАТА СЛАБОСТ

**а. Објаснете ја фразата во Господовата молитва: „Не воведувај нè во искушение“. Матеј 6:13 (прв дел); Исаија 30:21.**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

„Тој (Бог) дозволува да се судриме со препреките, прогонствата и тешкотиите; не како со проклетство, туку како најголем благослов во животот. Секое совладано искушение, секоја неволја која храбро ќе ја пребродиме, ни пружа ново искуство и нè унапредува во делото на градење на карактерот. Душата која благодарение на божествената сила му се спротивставува на искушението, на светот и на небесните битија му ја открива делотворноста на Христовата милост.

Иако не смееме да бидеме обесхрабрени од неволјите, колку и да се горчливи, мораме да се молиме Бог да не дозволи да западнеме во околности во кои би нè воделе желбите на нашето зло срце. Кога ја упатуваме молитвата која ни ја објавил Христос, ние се потчинуваме на Божјото водство и го молиме Тој да нè води по сигурен пат. Ние не можеме искрено да ја изговараме оваа молитва, а истовремено да одлучиме да одиме по патот кој сами сме го одбрале. Треба да чекаме Неговата рака да нè води...

Опасно е за нас ако застанеме да размислуваме за предностите што ќе ги стекнеме ако ги прифатиме предлозите на сатаната. Гревот донесува срамота и пропаст за секоја душа која му попушта; но има нешто во неговата природа што заслепува и измамува и така нè намамува со ласкави понуди. Ако се осмелиме да стапнеме на тлото на сатаната, не ни е ветена заштита од неговата сила. Што се однесува до нас, треба да го затвориме секој пристап преку кој искушувачот би можел да допре до нас.

Молитвата: ’И не воведувај нè во искушение’ сама по себе е едно ветување“. – *Мисли од гората, 117,118.*

**б. Каков повик и уверување ни дава Бог во врска со искушението? Јаков 1:14-16; 1 Коринтјаните 10:13.**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

„Што е тоа искушение? - Тоа е средство со кое се испитуваат и тестираат оние кои тврдат дека се Божји деца. Читаме дека Бог го искушувал Авраам, дека ги искушувал синовите Израелови. Ова значи дека Тој дозволил да се појават околности за да ја тестираат нивната вера и да ги наведе да побараат помош од Него. Бог дозволува искушението да дојде кај Неговиот народ денес за да сфатат дека Тој е нивен помошник. Ако се приближат до Него кога се искушувани, Тој ги зајакнува да се сретнат со искушението“. – *In Heavenly Places, p. 251.*

Четврток 17. октомври

## 5. ИСКУШЕНИЈА КОИ СЕ ПРЕД НАС

**а. За да останеме во Христа и на тој начин да се избавиме од искушенијата, што треба секогаш да избираме? Лука 4:8; Филипјаните 1:21.**

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

„Искушувачот никогаш не може да не принуди да правиме зло. Тој не може да владее со умот, освен ако човекот не се потчини на неговата власт. Дури кога волјата ќе се согласи, кога верата ќе се откаже од својата доверба во Христа, сатаната може да стекне власт над нас. Со секоја грешна желба што ја негуваме ние му го отстапуваме теренот. Секоја точка во која не го задоволуваме божественото мерило претставува отворена врата низ која тој може да влезе за да не искушува и уништи. Секој наш пропуст или пораз му пружаат можност да му приговара на Христа“. – *Копнежот на вековите, 125.*

**б. Што треба да нè мотивира да напредуваме кон победата во Христа? Филипјаните 4:13; Откровение 2:10 (последен дел); 3:21.**

„Оној кој е исполнет со Христовиот дух, престојува во Христа. Ударот што му е наменет нему, паѓа на Спасителот кој од сите страни го штити со својата присутност. Сè што доаѓа на него, доаѓа од Христа. Тој нема потреба да се брани од злото, бидејќи Христос е неговата одбрана. Ништо не може да го засегне, освен ако тоа нашиот Господ не го дозволи. ’А знаеме дека на оние што го љубат Бога... сè им содејствува за добро’“ (Римјаните 8:28). – *Мисли од гората, 71.*

„Круната на животот се става само на челото на победникот. Секој може додека трае овој живот да изврши срдечно, свечено дело за Бога“. – *5 Сведоштво, 71.*

Петок 18. октомври

### ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

1. **Што треба да се сетам следниот пат кога ќе ми се појави тешко искушение?**
2. **Што треба да сфатам во врска со начинот на кој Бог одговара на молитвата?**
3. **Од каде доаѓаат искушенијата и пробите - и зошто?**
4. **Што се случува секогаш кога ќе се спротивставиме на искушението?**
5. **Како можам поцелосно да останам во Христа?**

# Верата применета во пракса

**„Бидете извршители на словото, а не само слушатели, мамејќи се сами себе“ (Јаков 1:22).**

„(Човекот) беше избран да биде послушен на секој збор што излегува од устата на Бога, за да не биде само заборавен слушател, туку творец на зборови“. – *Testimonies to Ministers, p. 454.*

**ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРОЧИТАТЕ:** *2 Сведоштво, 24-26, 50-55, 164,165.*

Недела 20. октомври

## 1. СОВРШЕН ДАРИТЕЛ

### а. Што ја открива огромната Божја добрина кон нас? Јаков 1:17.

____________________________________________________________________________

____________________________________________________________________________

„Христовата љубов кон Неговите деца е исто толку нежна, колку и силна. И таа е посилно од смртта; зашто Тој умре за да го овозможи нашето спасение и да нè направи едно со Него, вечно и таинствено едно. Неговата љубов е толку силна што ги контролира сите Негови сили и ги користи огромните ресурси на небото во правење добро на Неговиот народ. Таа е вечна, непроменлива - иста вчера, денес и засекогаш. Иако гревот постои со векови, обидувајќи се да се спротивстави на оваа љубов и да го попречи нејзиниот проток кон земјата, таа сè уште изобилно тече кон оние за кои Христос умре.

Бог ги сака безгрешните ангели, кои Му служат и се послушни на сите Негови заповеди; но Тој не им дава милост; никогаш не им била потребна, зашто никогаш не згрешиле. Милоста е особина што им се покажува на незаслужните човечки суштества. Ние не ја баравме, таа беше испратена во потрага по нас. Бог се радува што може да ја излее Својата милост врз сите гладни и жедни за неа, не затоа што сме достојни, туку затоа што сме недостојни. Нашата потреба е квалификација која ни дава уверување дека ќе го добиеме подарокот“. – *Testimonies to Ministers, p. 519.*

### б. Како и зошто сме родени од Бога? Јаков 1:18; 1 Петрово 1:23; 2:9.

## 2. ВОЗДРУЖУВАЊЕ НА БЕСОТ

### а. Во свет каде што владее гневот, како и зошто мораме да бидеме различни? Јаков 1:19.

„Поставете си себеси за правило никогаш осудувачки да не си префрлате еден на друг, туку настојувајте меѓусебно да се цените и уважувате секогаш кога можете.

Некои сметаат дека е доблест да се биде невнимателен и природен и се фалат со својот обичај да зборуваат отворено за работи кои се непријатни за кажување, а со кои им е полно срцето. Тие со навреди и критичарски напади на други ја растеруваат својата лутина и се празнат. И што повеќе зборуваат за тоа, тие стануваат сѐ пораздразливи, а сатаната е секогаш тука да им помогне во тоа, бидејќи тоа одговара на неговите цели. Таквите зборови ги раздразнуваат оние на кои им се упатени и на нивно возвраќање, провокаторите употребуваат уште потешки зборови, и така се продолжува сѐ додека најобичниот блесок не прерасне во голем оган. Вие двајцата знаете дека сте изложени на сите можни искушенија и дека во животот сте многу несреќни. Затоа цврсто одлучете да ги контролирате своите мисли, зборови и постапки. Штом еден од вас почувствува дека го обзема чувство на огорченост, без одлагање нека лично се понизи пред Бога во најсесрдна молитва“. – *4 Сведоштво, 243.*

### б. Зошто лутиот темперамент не му е пријатен на Бога - и како може да се излечи? Јаков 1:20.

„Некои се нервозни и кога ќе почнат да ја губат самоконтролата над своите зборови или дух во момент на провокација, тие стануваат подеднакво опиени со гнев како што пијаниците се опиваат со алкохол. Тие се неразумни, и не можете лесно да ги наговорите или убедите. Тие се луди и сатаната за тоа време има целосна контрола. Секој од овие изливи на гнев го ослабува нервниот систем и моралната сила и го отежнува контролирањето на гневот на други провокации.

Постои само еден лек за оваа група - позитивна самоконтрола под сите околности. Напорот човек да се најде на поволно место, каде што неговото јас нема да се нервира, може да успее за некое време; но сатаната знае каде да ги најде овие кутри души и повторно и повторно ќе ги напаѓа во нивните слаби точки. Тие ќе бидат постојано вознемирени сѐ додека мислат толку многу за себе... Сепак, има надеж за нив. Нека го доведат својот живот во врска со Христа, толку бурен со конфликти и грижи, и тогаш нивното ’јас’ веќе нема да вреска за превласт... Тие треба да се понизат, велејќи искрено: ’Постапив лошо. Прости ми? Затоа што Господ рекол дека не смееме да дозволиме сонцето да зајде во нашиот гнев’. Ова е единствениот безбеден пат кон победата“. – *Sons and Daughters of God, p. 142.*

## 3. ДА ВНИМАВАМЕ НА СВЕТЛИНАТА

### а. Објаснете го Божјиот повик до сите нас. Јаков 1:21.

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

„О, како може оној што ја има светлината на вистината, големата светлина што Бог му ја дал, да се спротивстави на Божјиот гнев и суд со тоа што ќе му згреши и ќе го направи она што Бог му рекол во својот збор да не го прави? Како може тие да бидат толку заслепени од сатаната што го обесчестуваат Бога пред Неговото лице и ги осквернуваат своите души со свесен грев? Апостолот вели: ’Бидејќи станавме глетка за светот - на ангелите и на луѓето’. Дали овие грешници - да ги наречам лицемери - ќе прашаат во Сион: ’На кој начин јас сум гледање на светот, на ангелите и на луѓето?’ Можете сами да одговорите на тоа: Злоупотребувајќи ја светлината и привилегиите и милоста што ми ги дал Бог, со непристојни постапки кои ја расипуваат и валкаат душата“. – *Testimonies to Ministers, p. 447.*

### б. На кој начин Словото Божјо е поврзано со нашето спасение, особено во последните денови? 2 Тимотеј 3:15; 1 Коринтјаните 15:1,2.

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

„Ветено ни е моќно дејство на Светиот Дух врз срцето, а тоа ќе го направи Словото делотворно. Христос изјавил дека Словото е дух и живот...

Сатаната ќе работи на многу суптилен начин да воведе човечки изуми облечени во ангелски облеки. Но, светлината на Словото свети среде моралната темнина и Библијата никогаш нема да биде заменета со чудесни манифестации. Вистината мора да се проучува, да се бара како скриено богатство. Нема да добиеме прекрасни просветлувања надвор од Словото, ниту тие ќе го заземат неговото место. Држете се цврсто за Словото, примете го всаденото Слово, кое ќе го направи човекот мудар за спасение“. – *Selected Messages, bk. 2, p. 100.*

„Оние кои ќе ја прифатат вистината треба сесрдно да копнеат за што подобро разбирање на Светите Списи и искуствено спознавање за животот на својот Спасител. Силите на умот и помнењето се развиваат и облагородуваат со постојано вежбање. Секоја неактивност и мрзливост на умот е грев, а духовната летаргија е смрт“. – *4 Сведоштво, 399.*

„Кога Неговите зборови на поука се примени и нѐ обземаат, Исус е за нас постојано присутен, контролирајќи ги нашите мисли и идеи и постапки. Ние сме проткаени со упатствата на најголемиот учител што светот некогаш го познавал“. – *Messages to Young People, p. 160*.

## 4. ОГЛЕДАЛОТО НА БОЖЈОТ ЗАКОН

### а. Зошто е важно да ги испитаме нашите срца? Јаков 1:22-24.

______________________________________________________________________

„Многумина добиваат одобрување за доблести што не ги поседуваат. Оној кој ги испитува срцата ги зема во предвид мотивите и често се случува постапките кои предизвикуваат големо признание и пофалби од луѓето да потекнуваат од себичност и понизно лицемерие. Секоја постапка во нашиот живот, без разлика дали е одлична или заслужува осуда, Оној што ги испитува срцата ја оценува според мотивите што го довеле до тоа.

Многумина занемаруваат да се погледнат во огледалото што ги открива недостатоците на карактерот; затоа постоечките деформации и гревови, иако самите не се свесни за тоа, сепак остануваат на нив и другите тоа го гледаат. Грдиот грев на себичност постои во голема мера дури и кај некои кои тврдат дека се посветени на Божјото дело. Кога би го споредиле својот карактер со Неговите барања, особено со големото мерило, Божјиот свет закон, тие би увиделе, доколку се искрени, чесни трагачи, дека им недостасува ужасно многу. Но, некои не се подготвени да погледнат доволно далеку или доволно длабоко за да ја видат расипаноста на своите срца. Иако се полни со маани и слабости, тие сепак намерно остануваат неуки за својата вина“. – *Gospel Workers, pp. 275, 276.*

### б. Објаснете ја убавината на вистинската слобода преку креативната сила што произлегува преку предавањето на Христос и Неговата волја. Јаков 1:25; Јован 8:32.

„Во делото на спасување нема принудување. Тука не се употребува никаква надворешна сила. Под влијание на Божјиот Дух, човекот има можност слободно да одлучи кому ќе му служи. Највозвишеното чувство на слобода се наоѓа во промената која се случува, кога душата ќе му се потчини на Христа. Отфрлањето на гревот е акт кој го врши самата душа. Вистина, ние не можеме сами да се ослободиме од власта на сатаната. Меѓутоа, кога копнееме да се ослободиме од гревот и ако чувствувајќи ја својата голема потреба во молитва бараме сила која е надвор од нас и над нас, божествената сила на Светиот Дух ги исполнува силите на нашата душа и тие се покоруваат на Божјата волја.

Единствен услов под кој е можна човековата слобода се состои во тоа човекот да стане едно со Христа. „Вистината ќе ве ослободи“, а Христос е вистина. Гревот може да триумфира само ако го заслабне разумот и ако ја уништи слободата на душата. Да му се потчиниме на Бога значи да се вратиме на самите себеси, да се вратиме на славата и достоинството на човекот. Божествениот закон на кој треба да се покоруваме е ’закон на слободата’“ (Јаков 2:12). – *Копнежот на вековите, 466.*

Четврток 24. октомври

## 5. ВИСТИНСКА РЕЛИГИЈА

### а. Наведете суштински важен аспект на христијанството што често недостасува. Јаков 1:26.

______________________________________________________________________
______________________________________________________________________

„Благодарение на помошта што може да ни ја даде Христос, ќе можеме да научиме да го зауздаме јазикот. Иако бил во искушение да одговори набрзина и луто, Тој никогаш не згрешил со своите усни. Трпеливо и мирно се соочил со подбивањата, потсмевот и исмејувањето на неговите соработници во столарската работилница. Наместо луто да возврати, Тој почнал да пее еден од прекрасните Давидови псалми; а неговите другари, пред да сфатат што прават, му се придружија во химната. Каква преобразба би се случила во овој свет доколку денешните мажи и жени го следат примерот на Христос во употребата на зборовите“. – *The SDA Bible Commentary [E. G. White Comments], vol. 7, p. 936.*

### б. Како вистинската религија тивко, несебично функционира зад сцената? Јаков 1:27.

______________________________________________________________________
______________________________________________________________________

„Да се биде вреден, трпеливо да се прави добро во самооткажување, тоа е славно дело на кое Небото гледа со одобрување. Бог повеќе цени работа со вера, отколку најревно формално богослужение. Вистински да му се служи на Бога значи да се работи заедно со Христа. Молитвите, поттикнувањата и разговорите се евтини плодови, додека добрите дела, грижата за сирачињата, вдовиците и сиромашните претставуваат вистински плодови кои природно растат на доброто дрво“. – *2 Сведоштво, 24.*

Петок 25. октомври

### ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

1. **Зошто својот живот можеме да го довериме на вечниот небесен Бог?**
2. **Која е должноста на сите кои забележале дека го губат трпението?**
3. **Зошто е важно за мене да ја проучувам Божјата реч за себе?**
4. **Објаснете што е вистинска слобода.**
5. **Како можам да негувам поголем степен на вистинска религија од срце?**

# Совладување на пристрасноста

**„Зашто Бог не е пристрасен“ (Римјаните 2:11).**

„Бог не признава разлика во положбата. Кај Него нема каста. Во Неговите очи, луѓето се едноставно луѓе, добри или лоши. На денот на конечната пресметка, позицијата, чинот или богатството нема да ја сменат ничија судбина ниту за едно влакно. Бог кој гледа сѐ ќе им суди на луѓето според тоа колку се чисти, колку се благородни, колку го љубат Христа“. – *Counsels on Stewardship, p. 162.*

**ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРОЧИТАТЕ:** *3 Сведоштво, 304-309, 320-329.*

Недела 27. октомври

## 1. ПРОБЛЕМАТИЧЕН СТАВ

**а. Опишете ја вообичаената земна склоност која, можеби и несвесно, можеме да ја поседуваме и поради тоа да бидеме виновни. Јаков 2:1-4.**

____________________________________________________________________

____________________________________________________________________

„Со сиромашните треба да се постапува со исто толку внимание и обѕир како и со богатите. Да им се укажува посебна почест на богатите, а да се запоставуваат сиромашните е вистинско злосторство во Божјите очи. Оние кои се опкружени со сите можни комфори во животот и кои сите ги галат затоа што се богати, не чувствуваат толку голема потреба за сочувство и нежен обѕир како личностите кои целиот свој живот го поминале во постојана борба со сиромаштвото“. – *4 Сведоштво, 551.*

„Иако ги имал сите богатства на небесните дворови, Христос станал сиромав поради нас на овој свет, за да нѐ обогати со Своето сиромаштво. Тој им укажал голема чест на сиромашните, согласувајќи се со нив да ги дели нивните скромни животни услови. Од евангелските записи за Неговиот живот треба да учиме како да постапуваме со сиромашните“. – *4 Сведоштво, 550.*

**б. Што треба да разбереме за оние кои можеби се сиромашни со световни добра, но се богати со вера? Јаков 2:5.**

## 2. ПРАВИЛНО РАСУДУВАЊЕ И ЧЕСНОСТ

**а. Објаснете го урамнотежениот пристап што го поучувал Христос во врска со помагањето на сиромашните. Марко 14:3-9.**

„Во должностите на добродетелство и милосрдие некои одат во крајност и така на сиромашните всушност им нанесуваат штета со претераното залагање за нив. Сиромашните не се секогаш толку вредни и трудољубиви во работата како што би требало да бидат. Ние не смееме да ги занемариме и да ги пуштиме да оскудеваат, но и тие мораат да научат сами себе да си помагаат.

Не смееме да го занемариме Божјото дело за прво да им подариме внимание на сиромашните. Христос им дал многу значајна поука на Своите ученици по тоа прашање. Кога Марија го излеала скапоценото миризливо масло на Христовата глава, Јуда, во своето лакомство, лицемерно се заземал за сиромашните, мрморејќи против чинот кој, според негово мислење, бил расипничко трошење на пари. Но Исус ја оправдал оваа постапка, велејќи: ’Оставете ја, што ѝ пречите? Таа прави добро дело на Мене. Зашто сиромашните ги имате секогаш со себе, и секогаш кога сакате можете да им правите добро; а Мене ме немате секогаш’. ’Секаде каде што ќе се проповеда евангелието по сиот свет, ќе се кажува ова во нејзин спомен’. Од ова произлегува дека Христос треба да го почитуваме, посветувајќи Му го најдоброто што го имаме во својот живот. Ако своето внимание и сите свои напори ги насочиме само на ублажување на потребите на сиромашните, Божјото дело ќе биде занемарено. Доколку како Божји повереници, совесно ги извршуваме своите должности, никој нема да мора да трпи оскудица, но Божјото дело треба да ни биде на прво место“. *– 4 Сведоштво, 550,551.*

**б. Каков став се барал во древниот Израел од оние што ја делеле правдата? Левитска 19:15; Второзаконие 1:17; 10:17.**

**в. Како сите што денес управуваат со црквата на кој било начин треба да научат да го применуваат истиот принцип? 1 Петрово 1:17; Колосјаните 3:25.**

„Таквите кои својата наклонетост и внимание пристрасно ја укажуваат на еден или двајца на штета на другите, не би требало да се држат ниту еден ден на положба во редакцијата. Таквата несвета пристрасност кон оние кои можеби угодуваат на нашата вообразба на штета на другите, кои се совесни, кои се бојат од Бога и во Неговите очи се длабоко подобри, претставува навреда за Бога. Ние треба да го цениме она што Бог го цени. Украсот на тивок и понизен дух, Тој го цени многу повеќе отколку надворешната убавина, накитот, богатството или почестите на овој свет“. *– 3 Сведоштво, 23.*

## 3. ФОРМИРАЊЕ ПОДОБРИ НАВИКИ

**а. Каков укор дава Јаков во врска со материјалистичката пристрасност на оние што се изјаснуваат како верници - и зошто ова прашање е мошне сериозно? Јаков 2:6,7.**

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

„Бог пред луѓето и пред ангелите ве признал за Свои деца, затоа молете се да не го обесветите ’вашето добро име, со кое сте се нарекле’ (Јаков 2:7). Бог ве праќа во светот како свои претставници. Во секоја постапка во животот вие треба да го откривате Божјото име. Оваа молба бара од вас да го поседувате Неговиот карактер. Вие не можете да го светите Неговото име, не можете да го претставувате пред светот сѐ додека со својот живот и карактер не го прикажете самиот живот и карактер Божји. Ова можете да го направите само преку прифаќање на Христовата милост и праведност”. – *Мисли од горатa, 107.*

**б. Како само можеме да бидеме победници во правилното претставување на Христос? Римјаните 2:11; Изреки 23:7.**

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

„Внимателно проучувајте го Божествено - човечкиот карактер и постојано прашувајте се ’што би направил Исус на мое место?’ Тоа треба да биде мерило на нашата должност. Не впуштајте се непотребно во дружење со оние, кои со своето однесување ќе ја ослабнат вашата намера да правите добро, или ќе стават дамка на вашата совест. Помеѓу непознати, на улица, во воз, во домот, не правете ништо што барем малку ќе наликува на зло. Секој ден правете нешто да го подобрите, разубавите и облагородите животот што Христос го откупил со сопствената крв.

Секогаш постапувајте според принципите, никогаш импулсивно. Смирете ја вашата природна раздразливост со кроткост и благост. Не постапувајте лекомислено ниту пак напразно зборувајте. Ни-каква недолична шега да не премине преку вашите усни. Ниту на мислите не смее да им се дозволи да се побунат. Тие мораат да бидат скротени, заробени во послушност на Христа; нека се занимаваат со свети нешта. Тогаш, преку Христовата благодат, ќе бидат чисти и вистинити.

Потребна ни е постојана свест за облагородувачката моќ на чистите мисли. Единствената сигурност за секоја душа е правилното размислување...

Негувајте навика да зборувате добро за другите. Задржувајте се на добрите страни на оние со кои се дружите и гледајте колку е можно помалку од нивните грешки и недостатоци”. – *Здравје и среќа, 491,492.*

## 4. ИМАЈТЕ ЦАРСКО ОДНЕСУВАЊЕ

**а. Што нагласува Светото писмо како навистина суштинско за нашата христијанска вера — и зошто? Јаков 2:8.**

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

„Многу верски учители тврдат дека Христос со Својата смрт го укинал Законот и дека оттогаш луѓето се ослободени од неговите барања. Има и такви кои го прикажуваат како тежок јарем, и наспроти робувањето на Законот, ја истакнуваат неограничената слобода што можат да ја уживаат под евангелието.

Меѓутоа пророците и апостолите не гледале така на светиот Божји закон. Давид рекол: ’Ќе одам слободно, зашто ги барам Твоите заповеди’ (Псалм 119:45). Апостол Јаков, кој пишувал по Христовата смрт, Десетте заповеди ги нарекува ’царски Закон’, ’совршен Закон на слободата’ (Јаков 2:8; 1:25). А писателот на Откровението, повеќе од половина век по Христовото распнување, изговорил благослов над оние „што ги исполнуваат заповедите Негови, за да бидат достојни за дрвото на животот и да влезат во градот низ портите” (Откровение 22:14). – *Големата борба, 466.*

„Кога некој се предава на Христа, неговиот ум се доведува под контрола на законот; тоа е царски закон што секој заробеник го прогласува за слободен. Човекот се ослободува станувајќи едно со Христа. Потчинувањето на Христовата волја, значи повторно воспоставување на првичното човечко совршенство.

Почитувањето на Бога, значи ослободување од ропството на гревот, ослободување од страстите и лошите навики. Човекот може да стане победник над себеси, ослободен од сопствените навики и страсти и од ’управителите на темнината од овој век’ и ’поднебесните духови на злобата’“ (Ефесјаните 6:12). – *Здравје и среќа, 131.*

**б. Како пристрасноста, фаворизирањето и/или предрасудите непријатно го расипуваат нашето сведоштво за Христос? Јаков 2:9.**

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

„Ние можеме да тврдиме дека сме Христови следбеници, можеме да тврдиме дека веруваме во секоја вистина содржана во Божјата реч, но тоа на нашите ближни нема да им донесе никакво добро ако нашето верување не се внесе во нашиот секојдневен живот. Нашето исповедање на верата може да биде високо дури до небото, но тоа нема да нè спаси ниту нас, ниту нашите ближни освен ако не бидеме христијани на дело. Вистинскиот пример ќе му донесе на светот многу поголема корист од самото наше исповедање”. – *Христовите поуки, 383.*

Четврток 31. октомври

## 5. МУДРО ПОУЧУВАЊЕ ВО СОЧУВСТВО

**а. Што треба да имаме на ум кога самите го поддржуваме Божјиот морален закон – како и кога ја споделуваме оваа вистина со следната генерација? Проповедник 11:9; 12:13,14; Јаков 2:10-13.**

„На младите им е вродена љубов кон слободата; тие копнеат по независност; но мораат да сфатат дека тие непроценливи благослови можат да се уживаат единствено во послушноста кон Божјиот закон. Овој Закон е чувар на вистинската слобода и независност. Тој го набројува и забранува она што понижува и заробува, и така на послушниот му овозможува заштита од силата на злото.

Псалмистот вели: ’Ќе одам слободно, зашто ги барам Твоите повелби’. ’Твоите сведоштва се моја наслада и мои советници’ (Псалм 119:45, 24).

Во својот напор да го поправиме злото, мораме да се чуваме од склоноста да наоѓаме грешки и осудуваме. Постојаното осудување внесува немир, а не поправа. Атмосферата на немилосрдна критика кај мнозина, особено кај оние кои се најчувствителни, ја убива волјата за работа. Цветовите не расцутуваат под здивот на остриот ветер...

Вистинската цел на укорот се постигнува дури кога самиот престапник е наведен да ја согледа својата грешка и кога неговата волја е поттикната да ја исправи. Кога ќе го постигнете ова, укажете му на изворот на простувањето и силата. Трудете се да ја сочувате неговата самопочит и да го вдахнете со храброст и надеж.

Ова е најубавата, но и најтешка работа, која некогаш им била доверена на човечките суштества. Таа бара најнежна тактичност, најголема чувствителност, познавање на човековата природа и небесна вера и трпение, подготвеност за работа, за будност и за чекање. Според тоа, нема ниту една поважна работа од оваа”. – В*оспитување, 291,292.*

Петок 1. ноември

### ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

1. **Иако можеби немам многу, што треба да сфатам за оние кои имаат помалку од мене?**
2. **Колку е лесно да се има слепа пристрасност или неправедна предрасуда кон некои луѓе?**
3. **Како нашите шеми на размислување влијаат на начинот на кој постапуваме со таквите луѓе?**
4. **Зошто Божјиот закон се нарекува закон на слободата.**
5. **Објаснете го ставот што треба да го имаме кога ги поучуваме луѓето кои имаат погрешни идеи?**

# Дар во првата сабота За одделот за литература на Генералната конференција




Има една позната изрека: „Капка мастило може да натера милион луѓе да размислуваат“. Печатените материјали поради својата долговечност, честопати имаат поголема тежина од изговорените зборови. Со пишаните материјали, можеме да одвоиме време за читање со сопствено темпо, како и да се вратиме назад и подлабоко да ги разгледаме информациите што сакаме да ги научиме. Тоа помага кога се обидуваме да апсорбираме длабоки духовни теми.

„Во тоа време вистината е објавена на народот и по пат на печатење. Лутеровото перо претставувало сила и неговите широко распространети списи го возбудиле светот. Истите тие орудија ни стојат и нам на располагање со стопати поголеми можности. Библијата, списите на многу јазици во кои е изложена вистината за ова време, ни се наоѓаат при рака и многу брзо можат да се растурат по цел свет“. – *6 Сведоштво, 403.*

„Со посредство на нашата издавачка дејност во голема мера треба да се изврши делото и на оној ангел кој доаѓа од небото со голема сила и кој со својата слава треба да ја осветли целата земја“. – *7 Сведоштво, 140.*

Во 1849 година, Џејмс Вајт изработи мала публикација наречена Сегашна вистина. „Еден куп хартии лежеше на подот. Тогаш браќата и сестрите се собраа околу нив и со солзи во очите го молеа Бога да го благослови малото ливче пред да биде испратено. Потоа хартиите беа превиткани, спакувани и адресирани, а Џејмс Вајт ги однесе осум милји до поштата во Мидлтон“. – *Рани списи, 25.*

Оваа акција беше одговор на пораката: „Морате да започнете со печатење мали трактати и да им ги испраќате на луѓето. Нека во почетокот тие бидат мали; Како што луѓето ќе читаат повеќе, тие ќе почнат да ви испраќаат средства за печатење и тоа ќе донесе моментален успех.“ – *Рани списи, 24.*

Што се случува кога поштарината е прескапа, а пречките во вид на граници бараат уште поскапи видови на испорака? Нашата цена на претплата не ги покрива овие нови трошоци. Затоа, мораме да зависиме од великодушноста на другите верници за да го исполниме пророштвото дадено на првиот издавач: „Како што луѓето ќе читаат повеќе, тие ќе почнат да ви испраќаат средства“.

Се молиме овој дар во првата сабота за Одделот за литература на Генералната конференција да ги допре вашите срца и дадете великодушно за душите ширум светот кои треба да ја читаат сегашната вистина. Ви благодариме!

***Одделот за литература на Генералната конференција***

# Вера на дело

**„Не сакаш ли да разбереш, о суетен човеку, дека верата без дела е мртва“ (Јаков 2:20).**

„Иако добрите дела нема да спасат ниту една душа, невозможно е ниту една душа да се спаси без добри дела“. – *Faith and Works, p. 111.*

**ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРОЧИТАТЕ:** *Рани списи, 226–228, 269-273.*

Недела 3. ноември

## 1. ВЕРА И ПРИМЕР

**а. Зошто е апсолутно неопходно да живееме во согласност со верата што ја исповедаме? 1 Коринтјаните 4:9; 1 Јованово 5:3; Јаков 2:14.**

____________________________________________________________________________

____________________________________________________________________________

„Никој нека не се лаже верувајќи дека може да стане свет додека намерно престапува некоја Божја заповед. Гревот што свесно го правиме го замолкнува гласот на Светиот Дух и ја одвојува душата од Бога“. – *Големата борба, 472.*

„Нашиот живот сведочи на светот дали навистина се држиме за верата која ја исповедаме. Со своето однесување ти го намалуваш значењето на Божјиот закон во очите на своите световни пријатели. И како да им зборуваш: ’Божјите заповеди можете да ги држите или да не ги држите. Јас верувам дека Божјиот закон е донекаде задолжителен за луѓето; но сепак Господ не бара толку строга послушност на сите прописи на Својот закон и повремените престапи не ги казнува толку строго’.

Многумина кои ја престапуваат саботата го оправдуваат тоа повикувајќи се токму на твојот пример. Кога еден толку добар човек кој верува дека саботата е седми ден - заклучуваат тие - може и во тој ден да се занимава со земни работи ако тоа околностите го бараат, тогаш секако и тие можат да го прават истото тоа без никаква осуда. На денот на судот ќе се соочиш со многумина кои твоето влијание го користат како изговор за своето непочитување на Божјиот закон. Иако тоа не може да биде никакво оправдување за нивниот грев, сепак ќе претставува страшно сведоштво против тебе“. – *4 Сведоштво, 250.*

## 2. НЕБОТО И ЗЕМЈАТА ГЛЕДААТ

**а. Каков пример дава Јаков за да го прикаже лицемерието на празно зборување без акција? Јаков 2:15-17.**

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

„Со држењето на Божјите заповеди може да се даде најречита проповед за нивната светост и задолжителност. Послушноста кон тие заповеди треба да ја направиме своја лична должност; а да се запостави таква должност навистина е голем грев. Бог нѐ обврзува да се бориме не само за своето спасение туку исто така да се чувствуваме должни со својата несебична љубов на другите да им го покажеме патот, и преку грижа и несебична љубов, да ги водиме кај Христа оние кои ќе дојдат во сферата на нашето влијание. Загрижувачки е недостатокот на начелност кој се гледа во животот на таканаречените христијани. Нивното непочитување на Божјиот закон ги обесхрабрува оние кои ја признаваат светоста на неговите барања и ги одвраќа од вистината оние кои се склони да ја прифатат“. *– 4 Сведоштво, 58.*

**б. Што навистина значи вистинското верување во Христос? Јаков 2:18; Матеј 6:24.**

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

„Бог дал Свои прописи и Тој бара човекот да се покорува на тоа. Тој не прашува дали човекот за тоа секогаш има поволни услови и околности или не. Господ на животот и славата никогаш не ја гледал својата удобност или задоволство кога требало да ја напушти својата висока положба и да стане страдалник, прифаќајќи срамно понижување и смрт за да го ослободи човекот од последиците на неговата непослушност. Исус умрел не за да го спаси човекот во неговите гревови, туку од неговите гревови. Човекот треба да ги отфрли своите заблуди, да го земе својот крст и следејќи го Христовиот пример да појде по Него, откажувајќи се од себе и покорувајќи Му се на Бога без оглед на цената...

Ако вистински Му служиме на Бога, тогаш никогаш нема да се прашуваме во недоумица: дали треба да ги држиме Неговите заповеди или да ги чуваме земните интереси. Ако оние кои веруваат во вистината сега не можат да најдат потпора во својата вера во овие релативно мирни денови, што ќе биде нивна потпора кога ќе наидат поголеми искушенија, кога ќе биде издаден декрет против сите кои нема да се поклонат на иконата на ѕверот и кои нема да го примат нејзиниот жиг на своето чело или на својата рака? Тоа сериозно време не е далеку. Наместо да стануваат слаби и неодлучни, припадниците на Божјиот народ треба да собираат сила и храброст за време на неволјата“. *– 4 Сведоштво, 250,251.*

## 3. УЧЕЊЕ ОД АВРААМ

### а. На која фатална духовна состојба сме свечено предупредувани? Јаков 2:19.

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

„Многумина признаваат дека Исус Христос е Спасителот на светот, но во исто време тие се држат настрана од Него и не се каат за своите гревови, не го прифаќаат Исус како свој личен Спасител. Нивната вера е само препознавање на вистината од страна на умот и расудувањето; но оваа вистина не се прима во срцето за да може да ја посвети душата и да го преобрази карактерот“. – *Selected Messages, bk. 1, pp. 389, 390.*

„Може да верувате во целата вистина, но ако не живеете според Неговите начела, вашето исповедање нема да ве спаси. И сатаната верува и трепери. Тој работи. Тој знае дека времето му е кратко и со голема сила прави зли дела зашто тоа е во согласност со неговата вера. Меѓутоа, таканаречениот Божји народ, не ја потврдува својата вера преку делата. Тие веруваат дека времето е кратко, но алчно се грабаат по земските задоволства како да ќе остане светот уште илјадници години ваков каков што е денес“. *– 2 Сведоштво, 161.*

### б. Како можеме да бидеме поттикнати од примерот на Авраам? Римјаните 4:1-3; Јаков 2:20-22.

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

„Му поверува Авраам на Бога. Како знаеме дека верувал? Неговите дела сведочат за природата на неговата вера, а неговата вера му се сметаше за праведност.

Денес ни е потребна верата на Авраам за да ја растера темнината што нè опкружува, прикривајќи ги слатките зраци на Божјата љубов и попречувајќи нè во нашиот духовен раст... Секоја извршена должност, секоја жртва направена во името на Христос, носи неверојатно голема награда. Во самиот чин на должност, Бог зборува и го дава својот благослов“. *– The SDA Bible Commentary [E. G. White Comments], vol. 7, p. 936.*

„Луѓето се оправдуваат со вера, но се судени и наградени според нивните дела“. *– The Signs of the Times, November 20, 1884.*

„Христовата правда се состои во правилно постапување и во добри дела, кога тие произлегуваат од чисти и несебични побуди“. *– 3 Сведоштво, 528.*

„Држењето на Божјите заповеди бара од нас добри дела, самооткажување, самопожртвување и потполна посветеност во залагањето за добро на другите. Само со добри дела не можеме да бидеме спасени. Кога ќе направиме сè што е во наша моќ, тогаш можеме да кажеме: ’Го направивме она што сме должни да го направиме и во најдобар случај сме само „неполезни слуги’ потполно недостојни за Божјата милост и Неговото одобрување. Христос мора да биде наша правда и круна на нашата радост“. *– 3 Сведоштво, 526.*

## 4. ЗБОРОВИ НА ОХРАБРУВАЊЕ

**а. Објаснете како начинот на животот на Авраам треба да се одрази во нашите сопствени животи како верници во Христа. Создавање 26:5; Јаков 2:23, 24.**

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

„Добрите дела се плод на верата. Додека Бог работи во срцето, а човекот ја потчинува својата волја на Бога и соработува со Него, го остварува во животот она што Бог го постигнува преку Светиот Дух и постои хармонија меѓу намерата на срцето и животните постапки. Секој грев мора да се отфрли како нешто одвратно што го распна Господарот на животот и славата, а верникот мора да има прогресивно искуство постојано вршејќи ги Христовите дела. Токму со постојано предавање на волјата, со непрестајна послушност, се задржува благословот на оправдувањето.

Оние кои се оправдани со вера мора да имаат склоност да го држат Господовиот пат. Доказ дека човекот не се оправдува со вера е кога неговите дела не одговараат на неговото признание. Јаков вели: ’Гледаш ли дека верата дејствуваше заедно со делата негови, и дека преку делата, верата стана совршена?’

Верата што не дава добри дела не ја оправдува душата“. – *Selected Messages, bk. 1, p. 397.*

**б. Зошто сите што им сведочат на незнабошците денес можат да бидат охрабрени од тоа како Раав, блудницата, е наведена како онаа што Бог ја оправдал? Јаков 2:25; Евреите 11:31.**

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

„Во незнабожечкиот Ерихон една жена посведочила: ’Зашто Господ, вашиот Бог, е Бог на небото и на земјата долу’ (Исус Навин 2:11). Познавањето на Господа кое на тој начин го стекнала, го издејствувало нејзиното спасение... Нејзиното обратување не претставувало осамен пример на Божја милост кон идолопоклониците кои го признаа Неговиот божествен авторитет“. – *Пророци и цареви, 369.*

„Слично на Рава Хананката или Рута Моавката, сите што ќе го напуштат идолопоклонството и ќе прифатат да го обожаваат вистинскиот Бог, требало да се придружат кон Неговиот избран народ“. – *Христовите поуки, 290.*

„Во нашите градови треба да се направи голема работа, а сите ниви се зрели за жетва. Нашето внимание ќе биде насочено на сите страни, бидејќи покајаните души во христијанските и паганските земји ќе го кренат својот глас за помош. Не смее да има ни трошка самопофалба; твојата единствена сигурност е довербата во Бога“. – *The General Conference Bulletin, April 1, 1895.*

Четврток 7. ноември

## 5. КЛУЧОТ НА ПОБЕДАТА

**а. Објасни како можеме да извојуваме победа во Христа. Јаков 2:26; 2 Петрово 1:3,4.**

_______________________________________________________________________________
_______________________________________________________________________________

„Неопходно е да имате вера во Исус и да верувате дека сте спасени преку Него. Но постои опасност да се заземе позицијата што ја заземаат многумина кога велат: ʼЈас сум спасенʼ. Многумина велат: ʼТреба да правиш добри дела и ќе живеешʼ; но без Христа, никој не може да прави добри дела. Многумина денес велат: ʼВерувај, само верувај и ќе живеешʼ. Верата и делата одат заедно, верата и делата се споени. Бог не бара ништо помалку од човекот денес отколку што барал од Адам во Рајот пред неговиот пад - совршена послушност, беспрекорна праведност. Божјото барање во заветот на благодатта е исто толку сеопфатно како и барањето што Тој го постави во Рајот - хармонија со Неговиот закон, кој е свет, праведен и добар... Никој нека не се залажува со заблудата која е толку пријатна за телесното срце, дека Бог ја прифаќа искреноста, без разлика каква е верата и без оглед на тоа колку и да е несовршен животот. Бог бара совршена послушност од своето дете.

За да ги исполниме барањата на законот, нашата вера мора да ја разбере Христовата праведност и да ја прифати како наша праведност. Преку соединувањето со Христос, преку прифаќањето на Неговата праведност со вера, можеме да бидеме квалификувани да ги вршиме Божјите дела, да бидеме Христови соработници. Ако сте спремни да одите со струјата на злото и не соработувате со небесните служби за да го зауздате престапот во вашето семејство и во црквата, за да може да се донесе вечна праведност, немате вера. Верата делува преку љубовта и ја прочистува душата. Преку верата Светиот Дух работи во срцето за да создаде светост во него; но тоа не може да се направи ако човечките орудија не сакаат да соработуваат со Христа... За да ја имаме Христовата праведност, потребно е секојдневно да се преобразуваме преку влијание на Духот за да станеме соучесници во божествената природа“. – *Selected Messages, bk. 1, pp. 373, 374.*

Петок 8. ноември

### ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

1. **Што треба да сфатам за моето влијание, кога тврдам дека го држам Божјиот закон?**
2. **Што бара небото од христијанските верници?**
3. **Зошто Авраам често се нарекува татко на верните?**
4. **Кој од моите познаници би можел да стане преобратена Раав?**
5. **Како можам да имам победничко христијанско искуство?**

# Да се молиме пред да ја отвориме устата

**„Научете ме, и јас ќе замолчам; покажете ми во што сум згрешил“ (Јов 6:24).**

„’Но оној што во зборови не греши, тој е совршен човек, кој може да го заузда и целото свое тело’. Светлината што го осветлува нашиот животен пат, вистината што ја прифаќаме со својата совест, ќе ја посвети и преобрази нашата душа, или ќе ја осуди за уништување. Живееме премногу блиску до крајот за да можеме да се задоволиме со површна работа“. – *1 Сведоштво, 308.*

**ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРОЧИТАТЕ:** *2 Сведоштво, 50-55, 314-318.*
*5 Сведоштво 55-59, 175-177.*

Недела 10. ноември

## 1. СМИРУВАЊЕ НА НАШЕТО ЕГО

**а. Што треба да имаат на ум оние кои секогаш се трудат да доминираат над другите? Јаков 3:1; Марко 9:35.**

______________________________________________________________________________
______________________________________________________________________________

„Бог го смета секој поединец одговорен за влијанието што ја опкружува неговата душа, или на негова штета или на штета на другите“. – *Counsels to Parents, Teachers, and Students, p. 102.*

„Човечките суштества по природа се егоцентрични и тврдоглави. Меѓутоа, себичноста ќе исчезне од животот на оние кои ги учат поуките што Христос сака да ги научи. Тие стануваат соучесници во божествената природа и Христос живее во нив. Тие ги сметаат сите луѓе за браќа, луѓе со слични аспирации, способности, искушенија и неволји - луѓе кои копнеат за сочувство и имаат потреба за помош.

Никогаш не треба да го понижуваме својот ближен. Кога ќе забележиме дека се направени грешки, треба да направиме сè што е во наша моќ да им помогнеме на оние што згрешиле, кажувајќи им за сопственото искуство - како кога сме направиле сериозни грешки, трпението и дружењето, љубезноста и помошта на дел од нашите соработници ни даде храброст и надеж“. – *The Signs of the Times, May 11, 1904.*

## 2. НЕГУВАЊЕ ПОДОБАР СТАВ

**а. Какви остри укори се упатуваат на сите оние кои се груби кон другите додека одбиваат да ги признаат сопствените грешки? Проповедник 7:20; Јаков 3:2 (прв дел).**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

„Зарем не можеш да ги видиш сопствените недостатоци и да го облечеш целиот Божји оклоп? Зошто не сте така будни и критични кон себе, кон својот темперамент и своите зборови како што сте кон другите? Зошто Бог треба да биде навредуван и Неговата вистина погрешно да се протолкува поради вас? Твојата расудувачка моќ би била многу поголема кога така би постапувал. Вистината, таа жива реч, би била како оган разгорен во твоите коски, кој јасно ќе блесне и ќе му претстави на овој свет непогрешлива слика на Христос...

Зарем никој од оние кои ја презеле улогата на детективи не може да види каде води ставот што го зазеле во нивната потрага да станат владејачка сила? Што е со нивниот духовен вид? Зошто ја гледаат раската во окото на својот брат, а не ја чувствуваат гредата во своето око?“ – *Testimonies to Ministers, pp. 295, 296.*

**б. Што покажува дека човекот го достигнал нивото на морално совршенство и како е единствено тоа можно? Јаков 3:2; 1 Коринтјаните 13:5.**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

„Таму каде што непослушниот јазик наоѓа простор да ја врши својата несвета работа, Господовата радост не може да опстои.

Нека се сетат сомнителните, кои мислат и зборуваат лошо за своите браќа, дека прават сатанска работа. Секој член на црквата нека работи со искрена одлучност и со молитва за помош за да го излечи заболениот член (екстремитет), јазикот. Секој нека почувствува дека е негова должност и привилегија без приговор да помине преку ситните разлики и грешки. Не преувеличувајте ги малите грешки што ги прави некој, туку мислете на доброто што е во него. Секој пат кога размислувате и зборувате за овие грешки, тие стануваат се поголеми. На крајот, од крт се прави планина. Последиците се лоши чувства и недостаток на доверба“. – *Union Conference Record, April 15, 1903.*

„Направете завет со Бога дека добро ќе внимавате на своите зборови. ’Ако некој не греши во зборувањето, тој е совршен човек, способен да го заузда и целото свое тело’ (Јаков 3:2). Имајте на ум дека одмаздољубивите зборови никогаш не прават човекот да почувствува дека стекнал победа. Христос нека зборува преку вас. Немојте да го изгубите благословот кој доаѓа кога не се мисли зло“. – *7 Сведоштво, 243.*

## 3. СЀ ЗАПОЧНУВА ОД КОРЕНОТ

**а. Во која погрешна насока одиме кога негуваме огорченост и објаснете го единствениот начин да го избегнеме ова. Евреите 12:15; Јаков 3:3-5.**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

„Ти негуваше огорченост кон својот сопруг и кон останатите кои ти направиле зло, но не увидуваш во што си грешела и самата, правејќи ја ситуацијата уште полоша. Огорчена на оние кои ти направиле неправда, ти даваш излив на своите чувства во осуда и критика. Тоа му дава моментално олеснување на твоето срце кое е видно оптоварено со тоа, но остава трајни лузни на твојата душа. Јазикот е мал орган, но со злоупотреба ти го претвораш во оган кој голта сѐ пред себе.

Сето ова го попречува и го кочи твојот духовен развој. Но, Бог гледа колку ти е тешко покрај сѐ да бидеш трпелива и подготвена да простиш и во Својата милост Тој знае како да ти помогне. Тој бара од тебе со лична реформа во личниот живот да ги исправиш своите недостатоци. Тој сака твојот крут и непопустлив дух да се потчини под влијание на Неговата благодат. Ти треба во молитва постојано да бараш помош од Бога, бидејќи наместо бурни расправии и судири, тебе ти се потребни мир и спокојство. Христовата религија бара од тебе наместо моментални чувства да го слушнеш гласот на просветениот разум и трезвено расудување“. – *4 Сведоштво, 139.*

**б. Што треба да сфатиме за зборовите што ги изговараме? Јаков 3:6.**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

„Твоите зборови и твоите дела покажуваат каде се наоѓа твоето богатство“. – *1 Сведоштво, 698.*

„Сестра Ф постапува според моменталното чувство, наоѓа забелешки и има многу што да каже против своите браќа и сестри. Тоа би предизвикало збрка во било која црква“. – *2 Сведоштво, 51.*

„Тие што против Божјите слуги шират клевети и лаги нека имаат на ум дека Бог е сведок на нивните дела. Тие со своите клеветнички јазици не ги осквернуваат безживотните садови, туку оние што Христос ги купил со Својата крв. Раката која ги напишала знаците на ѕидовите на Валтазаровата палата точно го бележи секој чин на неправда и насилство врз Божјиот народ“. – *5 Сведоштво, 244,245.*

## 4. ДУРИ И ДА СЕ ФАКТИ...

**а. Кои силни апели се упатени во врска со една опасно вообичаена склоност во нашево време? Псалм 15:1-3; 1 Коринтјаните 13:6..**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

„Апостол Јаков вели дека од пеколот е запален јазикот кој ужива во злото, јазик кој е дрдорлив и кој зборува: кажи ми и ќе ти кажам. Тој шири оган на сите страни. Што му е грижа на оној кој озборува дека тој го оцрнува невиниот? Тој нема да престане со својата зла работа, иако ја руши надежта и храброста во оние кои веќе тонат под своите товари. Тој се грижи само да ѝ угоди на својата склоност на љубов кон скандалот. Дури и луѓето кои се сметаат за христијани ги затвораат очите пред она што е чисто, чесно, благородно и добро и го примаат она што е непожелно и непријатно и го разнесуваат понатаму.

Вие самите широко ја отворивте вратата на сатаната да влезе. Му дадовте почесно место на состаноците на кои испитувавте и истражувавте. Меѓутоа, не покажавте никаква почит кон извонредноста на карактерот изградена преку години на верност. Завидливите и одмаздољубиви јазици ги прикажуваа делата и побудите на начин како што нив им беше мило. Црното направија да изгледа бело, а белото црно. Кога беа укорени за таквите изјави, некои одговорија: 'тоа е вистина'. Признавајќи дека фактите што ги изнесоа се вистина, дали тоа го оправдува нивниот начин на постапување? Не, не. Кога Бог би ги собрал сите обвинувања што можат во вистина да се изнесат против вас и ако од нив сплете камшик за да ве казни, вашите рани би биле побројни и подлабоки од оние што му ги нанесовте на Братот _______. Дури и фактите можат да се прикажат на начин што ќе предизвика погрешен впечаток. Вие немате право да го собирате секој збор против него и да го користите тоа за да ја уништите неговата репутација и неговата корисност. Кога Господ би го манифестирал истиот дух кон вас каков што вие манифестиравте кон вашиот брат, би биле немилосрдно уништени. Зар немате грижа на совеста? Се плашам дека немате. Уште не е дојдено време ова сатанско влијание да ја загуби својата сила. Доколку Братот _______ би бил навистина таков каков што вие го прикажувате - а јас знам дека не е таков - вашата постапка сепак би била неоправдана.

Кога ќе слушнеме некоја осуда против некој наш брат, ние ја примаме... (Псалм 15:1-3)". – *5 Сведоштво, 57,58.*

**б. Од седумте гревови за кои се вели дека се одвратни пред Господ, колку од нив се однесуваат на нашите зборови? Изреки 6:16-19.**

Четврток 14. ноември

## 5. ОРУЖЈЕ КОЕ РАНУВА

### а. Како и зошто треба да ја избегнуваме премногу вообичаената навика на озборување? Јов 6:24; Изреки 11:13; 26:20-22.

„Колку озборувања би се спречиле кога секој би помислил на тоа дека тој што му зборува за грешките на другите исто така ќе зборува и за неговите мани во првата згодна прилика. Треба да настојуваме да мислиме добро за сите луѓе, особено за нашите браќа, сѐ додека не сме натерани да имаме поинакво мислење. Не треба веднаш да им поверуваме на злите зборови. Тие често се плод на завист или недоразбирање, или пак претерување и делумно изврткување на фактите. Ако на зависта и сомнежот еднаш им се дозволи место, тие ќе се сеат себеси нашироко, како семињата кои летаат од растенијата. Ако некој од нашите браќа застрани, тогаш е време да го покажеме својот вистински интерес за него. Пријдете му благо, молете се со него и за него, имајќи ја на ум бесконечната цена што Христос ја платил за негово откупување. Така ќе спасите една душа од смрт и ќе покриете мноштво гревови.

Еден поглед, еден збор, па дури и акцент можат да бидат важни за лагата која како стрела продира до срцето и му задава неизлечива рана. Со тоа може да се фрли сомнеж и укор на човек преку кого Бог можел да направи некое добро дело. Неговиот углед е разорен, неговата корисност уништена. Кај некои животни, ако едното е рането и падне, другите се нафрлаат на него и го растргаат на парчиња. Истата свирепост се сретнува и кај луѓе кои носат име на христијани. Тие, како и фарисеите, со задоволство би ги каменувале тие што се помалку виновни од нив. Има луѓе кои укажуваат на туѓите мани и грешки за да го одвратат вниманието од своите или за другите да поверуваат во нивната голема ревност за Бога и за црквата“. *– 5 Сведоштво, 58,59.*

„Времето, кое толку често се троши напразно на површно и злонамерно озборување, треба да се посвети на повозвишени и поблагородни предмети“. *– 5 Сведоштво, 176.*

Петок 15. ноември

### ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

1. **Зошто треба да ја ублажам склоноста да имам мислење за сѐ?**
2. **Наведете важен аспект на карактерот сличен на Христос кој често се занемарува.**
3. **Кога гледа Бог кога ги дискредитираме нашите браќа пред другите?**
4. **Што треба да научам од 15 Псалм - и зошто е тој важен?**
5. **Како можам да бидам виновен за сеење раздор меѓу браќата и зошто морам да престанам?**

# Да избереме тема за размислување

**„Како можете да говорите добро, кога сте лоши? Зашто устата го зборува она што излегува од преполнетото срце“ (Матеј 12:34, втор дел).**

„Помоли се пред да проговориш, и светите ангели ќе ти дојдат на помош и ќе ги избркаат злите ангели кои те наведуваат да го обесчестуваш Бога, да го срамотиш Неговото дело и да ја слабееш својата душа“. *– 2 Сведоштво, 82.*

**ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРОЧИТАТЕ:** *Мисли од горага, 125–129.*

Недела 17. ноември

## 1. ПРОТИВОТРОВ ЗА ОТРОВОТ

**а. Кога сме бомбардирани од говорните навики на злонамерните луѓе, каква порака ни испраќа Бог, дури и среде сето ова? Јаков 3:7,8; Евреите 10:38.**

„Небесните ангели со длабоко сожалување гледаат на (Братот Ј), бидејќи постојано е опкружен со темнина. Неговите уши постојано ги слушаат зборовите на мрачното неверство, сомневање и вечно испрашување. Јазикот е свет полн со неправда. ’А јазикот никој од луѓето не може да го скроти; тоа немирно зло е полно со смртоносен отров’. Кога братот Ј цврсто би се држел за Бога и поодлучно би ја чувал својата исправност пред Него дури и по цена на својот земен живот, би примал сила одозгора. Ако дозволи на неговата вера да влијае мрачното неверство со кое постојано е опкружен - сомнежите, постојаните испрашувања и бесплодното расправање -наскоро ќе се најдат во потполна темнина на сомневање и неверство, не наоѓајќи никаква светлина ниту сила во вистината.

Тој не би смеел ниту да помисли дека ќе ја олесни својата положба согласувајќи се на компромис со своите пријатели кои толку огорчено се борат против вистината. Ако цврсто одлучи да му служи само на Бога без оглед на последиците, ќе прими од Него помош и сила. Бог го љуби братот Ј и има многу сожалување кон него, бидејќи знае за секоја негова неволја, секоја обесхрабреност и секој зајадлив збор. Сето тоа Нему му е добро познато. И ако тој го отфрли своето неверство и непоколебливо застане на Господова страна, неговата вера со секојдневна примена во пракса постојано ќе јакне“. *– 4 Сведоштво, 236,237.*

## 2. СЕРИОЗНО ПРАШАЊЕ

**а. Што е напишано за измамничкиот и потпалувачки говор и зошто треба да се молиме да станеме победници во овој аспект од животот? Псалм 5:8-10.**

________________________________________________________________________
________________________________________________________________________
________________________________________________________________________

„Говорот е еден од најголемите Божји дарови за човекот. Јазикот е мал орган, но зборовите што ги формулира и изговара со глас имаат голема моќ. Господ изјавува: ’Јазикот никој не може да го скроти’. Тој спротивставува народ против народ, предизвикувајќи расправии и крвопролевање. Зборовите палат оган кој тешко се гаси. Но, тие исто така донесуваат радост и веселост на многу души. И кога се кажуваат зборови затоа што Бог вели: ’Кажи им ги Моите зборови’, тие често предизвикуваат тага, па дури и покајание.

Дарот на говор носи со себе голема одговорност. Треба внимателно да го чувате, бидејќи тоа е моќна сила и за злото и за доброто“. – *The SDA Bible Commentary [E. G. White Comments], vol. 3, p. 1142.*

„Ако дојдеш во искушение да го пуштиш својот јазик како што сакаш, помисли само дека ангелот го бележи секој твој збор. Сите твои дела се чуваат во книгата и ќе бидат изнесени, ако не бидат испрани со Христовата крв. Засега, за тебе постои лош извештај на небото. Бог ќе го прими твоето искрено покајание. Ако ти надојдат лоши зборови на уста, затвори ја. Не изговарај ниту еден таков збор“. – *2 Сведоштво, 82.*

**б. Опишете како нашите зборови го одразуваат она што го мислиме и ш то сме. Еремија 17:9; Матеј 12:33-37; 14:6-8.**

________________________________________________________________________
________________________________________________________________________
________________________________________________________________________

„Содржината на разговорот го открива богатството на срцето. Евтините, обични разговори, ласкавите зборови, глупавите шеги што се кажуваат за да предизвикаат смеа, се производи на сатаната, и сите што се препуштаат на таквите разговори се занимаваат со неговите производи. Тоа им остава впечаток на оние што ги слушаат овие работи, исто како и на Ирод кога ќерката на Иродијада заигра пред него. Сите овие трансакции се запишани во небесните книги и на последниот голем ден тие ќе се појават во нивното вистинско светло пред виновниците. Тогаш сите ќе можат во нив да ги видат ѓаволските примамливи, измамнички дела за да ги водат кон широкиот пат и широката порта што води до нивно уништување“. – *Testimonies to Ministers, pp. 84, 85.*

## 3. ПОТРЕБНО Е ЦЕЛО СРЦЕ

**а. Зошто треба да очекуваме конзистентен говор од оние кои веруваат во сегашната вистина? Јаков 3:9,10. Какво предупредување се дава ако не успееме во оваа точка.**

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

„Ако на ум секогаш го имате фактот дека Бог гледа и слуша сè што правите или кажувате, дека верно се води записник за секој ваш збор и постапка и дека на судот ќе мора да се соочите со тоа, тогаш ќе настојувате во сè во животот да се раководите според диктатот на просветена и будна совест. Ќе го зборувате само она што ќе служи на слава на Бога и на благослов на вас и на вашите ближни. Но ако продолжите без Бога, како што правите досега, се изложувате на сериозна опасност вашиот јазик да стане свет полн со неправда и - поради загуба на душите кои така пропаѓаат - да се најдете под страшна осуда“. *– 4 Сведоштво, 244.*

**б. Која молитва може да ни помогне да размислуваме и да зборуваме подоследно? Псалм 86:11.**

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

„Ако некој што добил библиско знаење не ги менува своите навики и активности за да се прилагоди на светлината на вистината, што тогаш? Духот се бори против телото, а телото се бори против духот, и еден од нив мора да победи. Кога вистината ја посветува душата, гревот се мрази и избегнува, бидејќи Христос е примен како почесен гостин. Но Христос не може да живее во поделено срце; гревот и Исус немаат ништо заедничко“. *– Testimonies to Ministers, pp. 84, 85.*

„Секогаш бдеј и моли се. Целосно посвети се на Господа и тогаш нема да ти биде тешко да му служиш. Твоето срце е поделено. Заради тоа те опкружува мрак наместо светлина. Сега се објавува последната порака на милоста. Тука се покажува Божјото долготрпение и милост. Дојди, тоа е повик кој ти се упатува, сè е подготвено. Тоа е последен повик на милоста. Потоа доаѓа одмаздата на навредениот Бог“. *– 2 Сведоштво, 225.*

„Денес ќе опстојат само сесрдните и целосно решителни мажи и жени. Христос постојано ги решетал Своите следбеници, така што едно време биле само единаесет и неколку верни жени и тие ги положиле темелите на христијанската црква. Има луѓе кои се повлекуваат кога треба да се понесе товар, но лесно се воодушевуваат кога црквата напредува и почнуваат да пеат и да восклинкнуваат и да привлекуваат внимание на себе. Но внимавајте на нив. Кога воодушевувањето ќе опадне, само неколкумина од нив ќе истапат како верниот Халев и ќе покажат непоколебливост на своите начела. Таквите луѓе се сол, кои не ја губат својата вредност“. *– 5 Сведоштво, 130.*

## 4. ВОДА ОД ЧИСТ ИЗВОР

**а. Кој принцип открива дека само срце обновено со Божјата благодат може да произведе доследни дела? Јаков 3:11,12. Наведете неколку практични примери.**

___

___

„Оние кои ја празнуваат саботата треба строго да внимаваат облеката да им биде уредна, а становите чисти. Нив другите често ги сметаат за чудни и ги демнат нивните грешки. Нивното влијание треба да биде свето. Светите вистини што ги исповедаме никогаш нема да ги понижат оние што ги примаат, ниту ќе ги направат прости и груби луѓе кои нема да водат сметка за својата личност или за чистотата на својот дом. Ако некој што ја прима вистината е невнимателен во своите навики, вистината ќе го издигне и ќе создаде темелна реформација во него. Ако вистината го нема овој ефект, човекот нема да ја почувствува нејзината спасоносна моќ. Невнимателно и неуредно облекување не е знак на понизност. Некои грешат во ова. Животот, постапките, зборовите - сето ова кажува дали човекот е навистина понизен, а неговата облека ќе биде во согласност со покажаните плодови. Од чист извор не може да тече и слатка и горчлива вода. Исчистете го изворот и водата ќе биде чиста. Децата на оние кои ја празнуваат саботата често го скврнават Божјиот дом. Нивните родители им дозволуваат да трчаат наоколу, да играат, да разговараат, да го привлечат вниманието на присутните и да го изразат својот лош нарав токму на овие состаноци на кои се собираат души за да го слават Бога. Видов дека на светите собири треба да владее света тишина. Меѓутоа, домот каде што се собира Божјиот народ често станува еден вид Вавилон, место на збунетост и неред. Бог не може да го одобри тоа. Ако родителите немаат власт над своите деца и не можат да ги држат под контрола за време на состанокот, Бог ќе биде позадоволен ако тие и нивните непослушни деца останат дома. Подобро би било да ги пропуштат состаноците отколку толпата да се налути поради нив и на тој начин состаноците да бидат упропастени. Ако родителите ги навикнат децата да бидат непослушни и без надзор дома, нема да можат да ги контролираат ниту на состаноците. Кој треба да страда во овој случај? Секако, родителите. Тие не треба да се чувствуваат повредени ако другите не сакаат да им се наруши мирот кога ќе се состанат да го слават Бога.

Родители, вие тогаш мора да трпите, а тоа ќе ве натера да ја видите вашата вина и да ја исполните вашата должност. Ако ги носите своите деца во Божјиот дом, треба да им објасните дека се на место каде што Бог се среќава со својот народ. На ова прашање му се посветува повеќе внимание во другите цркви и кај формалните верници отколку кај оние кои ја слават саботата. Родители, имате важна задача пред вас. Погрижете се вашите деца да бидат послушни во куќата; само така ќе можете да ги насочувате и контролирате и во Божјиот дом“. – *Spiritual Gifts, vol. 2, pp. 288, 289.*

Четврток 21. ноември

## 5. МУДРОСТ ИЗОБИЛНА СО ЗНАЕЊЕ

**а. Зошто секој од нас треба да го испита сопствениот став кон животот одвнатре кон надвор - во срцето, зборовите и делата? 2 Коринтјаните 13:5.**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

„’Испитувајте се сами себе дали сте во верата! Сами проверувајте се!’ (2 Коринтјаните 13:5). Внимателно анализирајте го темпераментот, расположението, мислите, зборовите, склоностите, намерите и постапките. Како можеме разумно да ги бараме работите што ни се потребни ако не ја докажуваме преку Светото писмо состојбата на нашето духовно здравје “. – *Selected Messages, bk. 1, p. 89.*

„Драги браќа и сестри, како го употребувате дарот на говорот? Дали научивте да владеете со јазикот така што секогаш го слушате гласот на просветената совест и светите чувства? Дали од своите разговори ги исклучивте лекомисленоста, гордоста, лукавоста, измамата и нечистотијата? Дали сте без вина пред Бога? Зборовите имаат голема моќ. Ние сами од себе не можеме да го совладаме тој орган. Божествената благодат е нашата единствена надеж“. – *5 Сведоштво, 175.*

„Оние кои безрезервно се ставаат под водство на Божјиот Дух, ќе откријат дека нивните умови се прошируваат и развиваат. Тој се стекнува со образование во службата на Бога кое не е еднострано и нецелосно, развивајќи едностран карактер, туку она што резултира со симетрија и комплетност. Слабостите кои се манифестирале во слаба волја и слаб карактер се надминуваат, бидејќи постојаната посветеност и побожност го доведуваат човекот во толку близок однос со Христа што го поприма Христовиот ум. Тој е едно со Христос и има цврстина и сила на принципот. Неговото расудување е јасно и ја покажува таа мудрост што доаѓа од Бога“. – *Selected Messages, bk. 1, p. 338.*

Петок 22. ноември

### ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

1. **Како да реагирам кога ќе се соочам со токсичен разговор?**
2. **Кога луѓето кажуваат работи, што тоа навистина говори за нив?**
3. **Објаснете ја борбата што беснее во човечкиот ум и како таа може да се добие.**
4. **Која од моите навики/склоности може да ги одразува загадените води во мене?**
5. **Како и зошто треба да се промени мојот начин на говорење?**

# Кроткоста на мудроста

**„Кој е меѓу вас мудар и умен, нека ги покаже преку своето добро однесување делата свои во кротост и мудрост“ (Јаков 3:13).**

„Нашиот Спасител ги восхити луѓето со својата чистота и возвишен морал, додека Неговата љубов и нежна добронамерност ги вдахнувале со занес. Ниту најсиромашните, ниту најпонизните не се двоумеле да Му пријдат’“. – *Gospel Workers (1892), p. 261.*

**ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРОЧИТАТЕ:** *5 Сведоштво, 167-177.*

Недела 24. ноември

## 1. ИЗОПАЧЕНО „РАСУДУВАЊЕ“

**а. Од кое сериозно зло мораме одлучно да се чуваме - и зошто? Јаков 3:14,15.**

_______________________________________________________________________

_______________________________________________________________________

„Оној што го отвора своето срце за сугестиите на непријателот, прифаќајќи зли претпоставки и негувајќи љубомора, често погрешно го толкува ова зло однесување, нарекувајќи го посебна предвидливост, и остроумно набљудување при откривањето на гревовите и лошите мотиви на другите. Тој смета дека му е даден скапоцен дар и се одвојува од самите браќа со кои треба да биде во хармонија; се качува на судската столица и го затвора своето срце пред оној што го смета за заблуден, како тој самиот да е издигнат над искушението. Исус се одвојува од него, оставајќи го да оди во искрите што тој самиот ги разгорел.

Никој од вас повеќе да не се фали против вистината со тоа што ќе изјавува дека овој дух е неопходна последица на верното справување со престапниците и застанување во одбрана на вистината. Таквата мудрост има многу обожаватели, но е многу измамничка и штетна. Не доаѓа одозгора, туку е плод на непрепородено срце. Нејзин зачетник е самиот сатана. Никој што ги обвинува другите, нека не зема заслуга за проникливоста, зашто со тоа ги облекува својствата на сатаната со облеката на праведноста. Ве повикувам, браќа мои, да го исчистите храмот на душата од сите овие нешта што валкаат, зашто тие се корени на горчина“. – *The SDA Bible Commentary [E. G. White Comments], vol. 7, pp. 936, 937.*

## 2. ТОКСИЧНО ОДНЕСУВАЊЕ

### а. Опишете го неизбежниот резултат на зависта и кавгата. Јаков 3:16.

____________________________________________________________________________
____________________________________________________________________________

„Човек во институција или црква, кој им дава слобода на нељубезните мисли зборувајќи зло за браќата, може да ги разгори најлошите страсти во човечкото срце и да шири квасец на зло што ќе делува кај сите што ќе дојдат во контакт со него. На тој начин непријателот на сета праведност ја добива победата, а резултатот од неговото дело е да ја ослабне молитвата на Спасителот кога Тој се молел Неговите ученици да бидат едно како што Тој е едно со Отецот“. – *The SDA Bible Commentary [E. G. White Comments], vol. 7, p. 937.*

### б. За разлика од човечките склоности поттикнати од непријателот на нашите души, како треба да комуницираме со другите? Јован 13:34.

____________________________________________________________________________
____________________________________________________________________________

„Донесуваш суд за поединци, не сфаќајќи ја нивната положба или работа. Ги набљудуваш работите од својата точка на гледање и подготвен си да замеруваш и да осудуваш, иако не го познаваш животниот пат на другите луѓе и не го набљудуваш проблемот од сите страни. Тебе не ти се познати должностите на другите, па според тоа, не си одговорен за нивните постапки. Ти треба да ја извршиш својата должност, а останатите препушти ги на Господа. Биди трпелив, сочувај го мирот и смиреноста на својот дух и биди благодарен...

Ти си премногу чувствителен и се чувствуваш навреден ако некој изговори било каков збор во корист на начинот на живот кој се разликува од твојот. Сметаш дека секогаш некој ти замерува, дека затоа мораш да се браниш и да го спасуваш својот живот. И така во својот ревен напор да го спасиш својот живот, ти го губиш. Твоето јас мора да умре; мораш да негуваш дух на простување и трпение“. – *2 Сведоштво, 424.*

„Оние кои меѓусебно се критикуваат и осудуваат ги кршат Божјите заповеди и се навреда за Него. Тие не го сакаат ниту Бога ниту своите ближни. Браќа и сестри, да го тргнеме ѓубрето од критики, сомнеж и поплаки и да не ги трошиме нервите на тоа. Некои се толку чувствителни што е невозможно да се разбереме со нив. Бидете многу чувствителни за тоа што значи да го држите Божјиот закон и дали го почитувате или го прекршувате законот. Бог сака да бидеме чувствителни токму на ова“. – *The SDA Bible Commentary [E. G. White Comments], vol. 7, p. 937.*

## 3. СПРАВУВАЊЕ СО РАЗОЧАРУВАЊАТА

**а. Што е напишано за оние што го сакаат Божјиот закон? Псалм 119:165.**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

„Ослободи се од помислата дека луѓето не се однесуваат кон тебе како што треба, дека ти се прави неправда, дека некој сака да ти наштети. Не ги гледаш работите во вистинска светлина. Сатаната те наведува сѐ да гледаш искривено“. – *2 Сведоштво, 424.*

„Светот го сака гревот, а ја мрази праведноста и тоа било причината за непријателството кон Исуса. Сите што ја одбиваат Неговата бескрајна љубов, ќе увидат дека христијанството е нешто што го нарушува нивниот мир. Христовата светлина ја растерува темнината, која ги прикрива нивните гревови и неопходноста од реформа е очигледна. Додека оние, кои се потчинуваат на влијанието на Светиот Дух почнуваат да војуваат сами со себе, оние, кои се држат до гревот, војуваат против вистината и нејзините претставници.

Така се создава раздор, па Христовите следбеници се обвинети како вознемирувачи на луѓето. Всушност тие го навлекуваат на себе непријателството на светот поради заедницата со Бога. Тие го примаат прекорот поради Христа. Тие одат по патеката по која оделе најблагородните луѓе на Земјата. Прогонувањето не треба да го примаат со тага, туку со радост. Секоја огнена неволја претставува средство со кое Бог ги облагородува. Секоја таква проба ги оспособува да станат соработници во Неговото дело. Секој судир има свое место во големата битка за праведноста и секој ќе ја зголеми радоста во нивната крајна победа. Имајќи го тоа на ум, тие ќе го примат испитот на нивната вера и трпение со радост, отколку да се плашат од истото и да го избегнуваат“. – *Копнежот на вековите, 306.*

**б. Дури и кога другите навистина се однесуваат неправедно, на што треба да се потсетиме? Матеј 5:11,12,41; 1 Петрово 4:12-15.**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

„Оној кој е божествен Поглавар на црквата, најмоќниот од освојувачите, би сакал на Своите следбеници да им го покаже Својот живот на самооткажување, борби и страдања, како поминал низ презир, отфрлање, потсмев, навреди, исмејување, лага, на патот до Голгота до местото на распнувањето, за да бидат охрабрени да ја продолжат борбата додека нѐ стигнат до целта и нѐ ја добијат победничката награда. Победата се обезбедува преку вера и послушност. Ајде да ги примениме Христовите зборови на нашите поединечни случаи“. – *The Review and Herald, July 24, 1888.*

## 3. МУДРОСТ ОДОЗГОРА

**а. Која е првата особина на мудроста што доаѓа од небото и зошто е тоа од суштинско значење за нас? Јаков 3:17 (прв дел); Матеј 5:8.**

_______________________________________________________________________

_______________________________________________________________________

„Во Божјиот град нема да влезе ништо нечисто. Оние кои сакаат да се населат во него уште овде треба да бидат со чисто срце. Кај оној кој учи од Исуса, сè повеќе ќе се јавува одбивност кон непромислените постапки, непристојните зборови и нечистите мисли. Кога Христос престојува во срцето, мислите и однесувањето секогаш ќе бидат чисти и благородни.

Но Исусовите зборови: 'Блажени се чистите по срце' имаат едно подлабоко значење. Не станува збор само за чисто срце во онаа смисла во која светот ја сфаќа чистотата, имено да биде слободен од сè што е сетилно, неизвалкан со телесните уживања, туку да биде искрен и во најскриените намери и мотиви на срцето, без гордост и самољубие, скромен, несебичен, сличен на дете“. – *Мисли од горната, 24,25.*

**б. Објаснете на што треба да биде нашиот фокус во подготовката за Христа. 1 Јованово 3:2,3.**

_______________________________________________________________________

_______________________________________________________________________

„Во нашето секојдневно искуство ја сфаќаме Неговата (Божјата) добрина и милост кои се откриваат преку делата на Неговото провидение. го препознаваме во карактерот на Неговиот Син. Светиот Дух ги издвојува вистините кои се однесуваат на Бога и на Оној кого Тој го пратил и ги открива на нашиот разум и срце. Оние кои се со чисто срце го гледаат Бога во нова, пријатна светлина, како свој Откупител; и додека ја гледаат чистотата и убавината на Неговиот карактер и самите настојуваат да го одразуваат Неговиот лик. Тие во Него гледаат Отец кој копнее да го прегрне синот кој се кае, а нивните срца им се исполнуваат со неискажлива радост и слава.

Оние кои се со чисто срце го спознаваат Создателот преку делата на Неговата моќна рака, во убавините на сето она што ја исполнува вселената. И сè им станува многу појасно кога во Неговиот пишан збор читаат за откривањето на Неговата милост, добрина и благодат. Вистините што се скриени од мудрите и разумните, им се откриваат на простите. Убавината и богатството на вистината, која не ја забележуваат луѓето напоени со световна мудрост, сè повеќе им се открива на оние кои искрено, како деца, се стремат да ја спознаат и исполнуваат Божјата волја. Ние ја запознаваме вистината кога и самите стануваме учесници во божествената природа.

Оние кои се со чисто срце живеат како да се наоѓаат во Божјата присутност уште овде, на овој свет“. – *Мисли од горната, 26,27.*

Четврток 28. ноември

# 5. УШТЕ НЕОПХОДНИ ОСОБИНИ

**а. По чистотата, наведете ги следните пет особини на небесната мудрост, без кои нашето влијание е негативно. Јаков 3:17 (среден дел.**

„Потребна ви е љубезноста, учтивоста, кроткоста и Христовата понизност. Имате многу вредни квалификации кои може да се усовршат за највисока служба доколку му се посветат на Бога. Треба да чувствувате потреба да им пристапите на вашите браќа со добрина и учтивост, а не со грубост и строгост. Не ја сфаќате штетата што ја правите со вашиот остар, доминантен дух кон нив. Проповедниците на вашата конференција се обесхрабруваат, ја губат храброста што би можеле да ја имаат доколку им покажевте почит, љубезност, доверба и љубов. Со начинот на кој постапувавте ги отуѓивте срцата на вашите браќа од себе, така што вашиот совет немаше големо влијание врз нив за добро“. – *Christian Leadership, pp. 6, 7.*

„Доколку твоите очекувања не бидат исполнети, можеш да ги изгубиш храброста и мирот и да посакаш некаква промена. Мора да се бориш против твојата склоност строго да судиш и да обвинуваш. Чувај се од сè што би можело да личи на обвинување. На Бога не му е мило еден Негов слуга, дури и со поголемо искуство, да има такви склоности. Одговара за младоста, надарена со скромност и внатрешни доблести, да покаже воодушевување и ревност; но многу е непријатно и одбива кога момче со само неколку години искуство покажува толку голема ревност и склоност за обвинување на други. Ништо не може да го сруши неговиот углед како ова. Благоста, благородноста, воздржливоста, трпеливоста, да не се биде лесно провоциран, да се истрае во сè, да се надева во сè, сè да се поднесува - тоа се плодови кои растат на драгоценото дрво на љубовта кое е од небесно потекло. Ако го негуваме, ќе се види дека ова дрво е секогаш зелено. Неговите гранки нема да се исушат, ниту неговите листови ќе овенат. Тоа е бесмртно и вечно бидејќи го наводнува небесна роса“. – *2 Сведоштво, 134,135.*

Петок 29. ноември

## ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

1. **Во кои ситуации сум во искушение да ги судам мотивите и ова да го наречам расудување?**
2. **Како навиката да се критикуваат другите ги крши Божјите заповеди?**
3. **Кога ќе започне токсично однесување против мене, што треба да запомнам?**
4. **Што значи да се биде „чист по срце“?**
5. **Како можам да станам попристапен за другите?**

## Дар во првата сабота за седиштето на Колумбиската Унија




Колумбија е држава во Јужна Америка каде во моментов живеат над 51 милион луѓе. Нејзината индустрија вклучува производство на нафта, производствени капацитети, текстил, градежништво, земјоделство, банкарство и услуги. 73% од населението се католици, 9,1% припаѓаат на нехристијански религии, 6,9% се евангелисти, 6,5% не исповедаат никаква религија, 2,9% се протестанти и 0,9% се декларираат како атеисти. Оваа ситуација претставува голем предизвик за локалната Божја црква.

Во шеесеттите години на минатиот век, додека земјата минуваше низ морален колапс поради Граѓанската војна, веста за третиот ангел стигна до Колумбија. Во средината на превирањата, успеавме да го зголемиме бројот на членови на 100 до 1971 година, кога црквата беше официјално регистрирана. Во тој период работниците беа малку на број, но никогаш не им недостасуваше храброст или ревност да дадат сè за работата што ја носат во срцето. Отсекогаш сме ја цененеле поддршката на пастирите и проповедниците кои, оставајќи ги своите матични земји и удобност, дојдоа во Колумбија среќни да помогнат во работата - посветени со цело срце на ширењето на вестите во овие области.

По Божја милост, во 2006 година беше организирана Колумбиската Унија, а денес во неа постојат три полиња. Седиштето на нашата Унија се наоѓа во руралниот дел на општината Барбоса, Сантандер.

За да им служиме на нашите браќа и на оние кои се повеќе се интересираат за вистината, забележуваме итна потреба од проширување на постоечките простории. Во моментов поседуваме фарма каде што се наоѓаат нашите канцеларии, мисионерската школа и одделот за мултимедија. Исто така, овде одржуваме конференции, семинари и духовни состаноци за нашите членови и луѓе кои неодамна се заинтересирани за вистината. Во

На овој имот веќе е изграден дел од инфраструктурата, а во тек е изградба на дополнителни објекти, но ни недостигаат средства да ја завршиме изградбата. Поради оваа причина, апелираме на великодушноста на црковното семејство ширум светот. Поддршката на вашите дарежливи дарови ќе ни овозможи да обезбедиме посоодветни капацитети за служба на душите гладни за Божјо знаење.

Ние многу ги цениме вашите донации. Само вечноста ќе може да покаже колку добра направиле вашите дарови.

***Вашите браќа и сестри од Колумбиската унија***

# Надминување на проблемите во однесувањето

**„Па затоа, покорете Му се на Бога; а противете се на ѓаволот, и тој ќе побегне од вас“ (Јаков 4:7).**

„Љубовта кон вистината која ја чисти и посветува душата, љубовта кон Спасителот, го прави лесен секој напор во поглед на стекнување на победа”. – 4 *Сведоштво, 38.*

**ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРОЧИТАТЕ:** *3 Сведоштво, 39-47.*

Недела 1. декември

## 1. НЕСЕБИЧНО ФЕР

**а. Наведете ги последните две особини наведени во списокот што ја опишува небесната мудрост. Јаков 3:17 (последен дел).**

„Апостол Јуда вели: ’И така разликувајќи, едни милувајте’. Ова разликување не треба да поттикнува дух на пристрасна наклонетост. Во манифестирање на наклонетоста и одобрувањето никогаш не треба да се раководиме од духот: ’Како ти на мене, така јас на тебе’. Тоа е став кој одговара на непосветените, на луѓето од овој свет, но тоа не му е по волја на Бога. Тоа значи да се биде наклонет некому и да му селаска од корист, или пристрасно да се биде на нечија страна за да се обезбедат извесни предности. Тоа значи со попуштање да се добие нечија наклонетост, за да уживаме поголема почит од другите кои се достојни за почит исто така како и ние самите“. – *4 Сведоштво, 221,222.*

„Бог е незадоволен од млаката и немарна работа во црквите. Тој очекува од Своите управители да бидат доследни и верни во казнувањето и поправањето. Нивна задача е да го истераат злото според правилото дадено од Бога во Неговото Слово, а не според нивните идеи и чувства. Не користете груби, остри методи, не постапувајте неправедно, набрзина, раздразливо. Следејќи го примерот што ни го дал Бог, да се трудиме да ја исчистиме црквата од моралната нечистотија. Да не бидеме пристрасни или дволични. Да не ги издвојуваме милениците чии гревови ќе ги сметаме за помалку грешни од гревовите на другите. О, колку на сите им е потребно крштевањето на Светиот Дух! Тогаш ние постојано ќе работиме како Христос - со благост, разбирање и сочувство, покажувајќи љубов кон грешникот и целосно мразејќи го гревот“. – *The Ellen G. White 1888 Materials, p. 144.*

## 2. ПРАВИЛНО ПРИКАЖУВАЊЕ НА ХРИСТОС

### а. Како единствено Христос може правилно да биде прикажан во нашиот говор? Јаков 3:18.

________________________________________________________________

________________________________________________________________

„Можно е со устата да го признаваме Христос, но да се одрекуваме од Него со своите дела. Духовните родови покажани во секојдневниот практичен живот претставуваат вистинско признавање на Христос. Ако сме се откажале од сè поради Христос, нашиот живот ќе биде скромен, нашите разговори ќе се однесуваат само на тоа што е небесно, а нашето однесување ќе биде беспрекорно. Моќното и облагородувачко влијание на вистината во душата, Христовиот карактер откриен во животот - тоа претставува признавање на Христос. Ако зборовите на вечниот живот се посеани во нашето срце, плодовите на тоа ќе бидат праведност и мир. Од Христос во животот можеме да се одречеме ако копнееме само по удобност и благосостојба, ако сме склони кон самољубие, шеги, потсмевање, како и стремеж за чест во овој свет. Можеме да се одречеме од Него со својот надворешен изглед, со прилагодување на светот, преку гордоста и со скапоцено украсување на облеката. Само со непрекината будност, со истрајна и речиси непрекината молитва ќе бидеме во состојба со својот живот да го прикажеме Христос и посветувачкото влијание на вистината. Мнозина со своето нетрпение и избувливост го изгонуваат Христос од своето семејство. На таквите им е потребно многу повеќе самосовладување“. *– 1 Сведоштво, 303,304.*

### б. Кои вообичаени човечки склоности што се јавуваат во секојдневниот живот навистина треба да се надминат и зошто? Јаков 4:1-3.

________________________________________________________________

________________________________________________________________

„Многу е тажно да се биде постојано незадоволен од својата околина и своите секојдневни должности да ги сметаме толку прости и безначајни. Скромните секојдневни домашни должности тебе ти стануваат одвратни. Вознемирена си, нерасположена и потполно незадоволна. Сето тоа произлегува од себичноста...

Таканаречените христијани кои постојано се жалат на нешто и лелекаат и кои сметаат дека е грев да се биде среќен и пријатно расположен, немаат вистинска претстава за религијата“. *– 3 Сведоштво, 334.*

„Кога Христовата религија владее во срцето, совеста е мирна и човекот е спокоен и среќен; а неговата душа, иако можат да наидат неволи и тешкотии, сепак ја осветлува светлина“. *– 4 Сведоштво, 47.*

## 3. ИЗБЕГНУВАЊЕ НА ЗАЕДНИЧКИ ЗАМКИ

**а. Кој клучен принцип е суштински важен за вистинската поврзаност со Христа, наспроти само површната, номинална вера? Јаков 4:4.**

---

„Оние кои го започнуваат својот христијански живот со половично срце, на крајот ќе се најдат на страната на непријателот, без оглед какви биле нивните првобитни намери. А да се биде отпадник и предавник на Божјото дело, е пострашно од самата смрт; бидејќи тоа значи губење на вечниот живот.

Дволичните мажи и жени се најдобрите сојузници на сатаната. Без оглед на поволното мислење што може да го имаат за себе - тие се лицемери. Сите оние кои се лојални на Бога и на вистината мора цврсто да застанат за правда - затоа што тоа е исправно. Едноставно е невозможно да се поврзете со оние кои се непосветени, а сепак да и бидете лојални на вистината. Не можеме да се обединиме со оние кои си служат себеси, кои се водат според световни планови а да не ја изгубиме врската со небесниот Советник. Можеби некако ќе избегаме од замката на непријателот, но сме со модринки и ранети и уназадени во нашето религиозно искуство“. – *The Review and Herald, April 19, 1898.*

**б. Зошто мораме одлучно да ја искорениме секоја склоност кон завист? Јаков 4:5,6.**

„Голема мана на карактерот на Саула била неговата љубов кон пофалбите. Таа карактерна црта имала пресудно влијание врз неговите постапки и мисли; сè било обележано со стремеж кон пофалба и самоизвишување. Неговото мерило за правдата и неправдата било она ниско мерило на народното одобрување. Секој што се труди да им се допадне на луѓето, во животот нема да биде сигурен како оној што се труди пред сè да стекне Божјо одобрување“. – *Патријарси и пророци, 650.*

„Саул се понижил поради својата завист и станал опасен за својот понизен приврзаник. Колку големи несреќи предизвикала таа карактерна црта во нашиот свет! Во срцето на Саула царувало истото непријателство што го негувал Каин против својот брат Авел затоа што делата на Авела биле праведни и што Бог го ценел, а неговите лоши па Бог не можел да го благослови. Зависта е ќерка на горделивоста и ако ја негувате во своето срце, таа ќе предизвика омраза, а можеби и одмазда и убиство“. – *Патријарси и пророци, 651.*

„Потчинетоста, љубовта и благодарноста кон Бога внесуваат сончеви зраци во душата и срцето, колку и да е мрачен и облачен денот. Пред тебе се наоѓаат самоодрекување и Христовиот крст. Дали си подготвен да го подигнеш крстот?“ – *4 Сведоштво, 47.*

## 4. ФОКУСИРАНОСТ И ПОКОРНОСТ

**а. Кој суштински фактор ни обезбедува вистинска, трајна победа во Христа? Јаков 4:7.**

_______________________________________________________________________
_______________________________________________________________________

„Некои ја увидуваат својата потреба од помирувањето и кога ќе ја увидат таа потреба и кога ќе почувствуваат желба за промена во срцето - тогаш започнува борба. За човекот да се одрече од својата волја и можеби од досегашните предмети на љубов и копнеж потребен е напор пред кој многумина се колебаат, заслабнуваат и му свртуваат грб. Меѓутоа таа борба мора да ја води секое вистинско обратено срце. Мораме да се бориме против внатрешните и надворешните искушенија. Мораме да извојуваме победа над самите себе, да ги распнеме склоностите и телесните желби - и тогаш започнува врската на душата со Христа. Како што сувото и на изглед безживотното гранче се калеми на живото дрво, така и ние можеме да станеме жива прачка на Вистинската Лоза. И плодот што го донел Христос ќе го донесат сите Негови следбеници. Кога тоа единство ќе се постигне, тоа може да се сочува само со постојани, усрдни и болни напори. Христос ја пројавува Својата сила за да ја сочува и пази таа света врска, и зависниот и беспомошен грешник мора да ја одигра својата улога со неуморна енергија, инаку сатаната со својата свирепа, подмолна сила ќе го одвои од Христа.

Секој христијанин мора да биде постојано на стража, внимавајќи на секој пристап на кој сатаната може да и пристапи на душата. Тој мора да се моли за божествена помош и истовремено решително да ѝ се спротивставува на секоја наклонетост кон гревот. Тој може да победи преку храброст, истрајни напори и вера. Но нека има на ум дека за да придобие победа Христос мора да пребива во него и тој во Христа“. *– 5 Сведоштво, 47.*

**б. Како Павле го повторува објаснувањето на Јаков за духовната сила во христијанскиот живот? Римјаните 6:6-11.**

„Наклоноста кон светот, себичноста и лакомоста ја уништуваат духовноста и самиот живот на Божјиот народ“. *– 1 Сведоштво, 141.*

„Треба своите срца да му ги отвориме на Христа и да имаме многу поцврста вера и многу по сесрдна посветеност. Ние треба да умреме за себеси и во срцето и умот да негуваме длабока љубов кон својот Спасител. Ако го бараме Господа со сето свое срце, ќе го најдеме, и нашите срца ќе бидат озарени од Неговата љубов. Нашето сопствено јас ќе стане безначајно и Исус ќе биде сè во нашата душа...

Мораме да Му се приближиме на Бога. Мораме да бидеме Негови соработници, инаку во сите наши потфати ќе се покажат слабости и грешки“. *– 6 Сведоштво, 51.*

Четврток 5. ноември

## 5. ДА ЗАСТАНЕМЕ И СРДЕЧНО ДА СЕ МОЛИМЕ

### а. Какво убедување и повик треба да допре до ушите на секој од нас во борбата против нашите грешни склоности? Колосјаните 3:1-3; Јаков 4:8,9.

„Оние што својата љубов му ја подаруваат на светот не се способни да ја разликуваат вистината од заблудата. Светот се поставува меѓу нив и Бог, им го затемнува видот, а чувството на должност го парализира до таа мера што воопшто не се во состојба да ја видат разликата помеѓу она што е свето и она што е несвето. Таквите Бог ги повикува: „Очистете ги рацете свои, грешници, поправете го срцето свое, непостојани и дволични. Бидете потиштени, ридајте и плачете: вашето смеење нека се претвори во плач, и радоста во жалост”. Оние што ги осквернили своите раце со нечистотиите на овој свет, повикани се да се очистат од таа нечистотија. Оние што мислат дека можат во исто време да му служат на овој свет и да го љубат Бога, се дволични. Не е можно во исто време да му се служи на Бога и на мамонот. Дволичноста на ваквите се гледа во тоа што во исто време додека го љубат овој свет и го губат секое чувство за своите должности и обврски кон Бог, сепак тврдат дека се Христови следбеници. Тие не се ниту едното, ниту другото, и ќе го загубат и овој и идниот живот ако не ги очистат своите раце и своето срце со потполно прифаќање на начелата на вистината“. *– 1 Сведоштво, 530,531.*

### б. Што се случува кога понизно се поклонуваме пред Бога? Псалм 34:18; 1 Петрово 5:6,7.

„Твоето семејство може да биде среќно ако се понизиш пред Бога, ги признаеш своите гревови и се вратиш на Бога со сето свое срце. Ако не го сториш тоа, туку појдеш по својот пат, на твојата среќа ќе биде крај“. *– 2 Сведоштво, 303.*

Петок 6. декември

### ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

1. **Ако длабоко ги испитам моите внатрешни побуди, во кои области би можел да бидам лицемер?**
2. **Наведете некои начини на кои нашите зборови премногу често погрешно го претставуваат Христос.**
3. **Во која смисла зависта е сериозно негирање на верата и навреда за Бога?**
4. **Зошто треба да бидам мртов за себе за да бидам жив за Христа?**
5. **Како оваа лекција резимира некои реални проблеми што треба да ги надминам?**

# Усвојување на попонизно гледиште

**„Понизете се пред Господ и ќе ве подигне“ (Јаков 4:10).**

„Кога одиме понизно по патот на послушноста, оставаме светла патека за другите по која треба да одат кон небото. Наша привилегија е да стекнеме подлабоко искуство за Божјите работи“. – *The Signs of the Times, March 17, 1890.*

**ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРОЧИТАТЕ:** *2 Сведоштво, 41-44, 678-686.*

Недела 8. декември

## 1. ИЗБЕГНУВАЊЕ НА ПОГРЕШНО РАСУДУВАЊЕ

**а. Од која крајно штетна навика мора да се откажат сите што тврдат дека ги сакаат своите браќа, и зошто? Јаков 4:11,12.**

____________________________________________________________
____________________________________________________________

„Озборувањето на другите или судењето за нивните побуди и постапки во никој случај не треба да се земаат лекомислено“. – *Патријарси и пророци, 385.*

„Вистинската морална вредност не се обидува да се наметне со размислување и зборување зло, со омаловажување на другите. Божјите деца мора да ја отфрлат секоја завист, секоја љубомора и секое неверување“. – *Our High Calling, p. 234.*

„Во секоја црква мора да се вложат најсесрдни напори за да се отстрани озборувањето и духот на осуда кои влегуваат во гревовите од кои произлегува најголемото зло во црквата. Строгоста и постојаното изнаоѓање грешки мора да се укоруваат како дело на сатаната. Членовите на црквата мора да ја поттикнуваат и да ја засилуваат меѓусебната љубов и доверба. Сите треба во Божји страв и од љубов кон браќата, да ги затворат своите уши за озборувањето и осудувањето. Насочете го носителот на приказната кон учењата на Божјата реч. Кажете му да се покорува на библиската наука и своите жалби да ги изнесе непосредно на оние за кои мисли дека погрешиле. Таквата сложна акција во црквата ќе внесе плима на светлина и ќе ја затвори вратата пред плимата на злото. На тој начин Бог ќе се прослави и многу души ќе се спасат“. – *5 Сведоштво, 609,610.*

## 2. СЕРИОЗЕН ОДНОС КОН СВЕТЛИНАТА

**а. Што секогаш треба да имаме на ум кога правиме планови? Псалм 16:8; Јаков 4:10,13-16.**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

„Наутро посветете му се на Бога; тоа нека ви биде прва работа. Вашата молитва нека ви биде: Земи ме, о Господе, потполно да бидам твој! Сите мои планови ги ставам пред Твоите нозе. Употреби ме денес во Твоја служба. Биди со мене и целото мое дело нека се врши во Тебе! Така треба да биде секој ден. Секое утро посветувајте му се себеси на Бога за тој ден. Изнесете му ги сите свои планови со цел Неговото провидение да покаже дали треба да ги оствариме или отфрлиме. И така, од ден на ден, својот живот ќе го предавате во Божјите раце; така вашиот живот ќе се обликува да биде сè посличен на Христовиот живот“. – *Патот кон Христа, 70.*

**б. Објаснете ја свечената одговорност и отчетност што секој од нас ја има за небесната светлина што ни е дадена во сите области од животот. Јаков 4:17; Матеј 12:31,32.**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

„Бог не е Тој, Кој ги заслепува очите на луѓето, ниту ги стврднува нивните срца. Тој им испраќа светлина за да ги поправат своите грешки и да ги изведе на сигурна патека. Очите стануваат слепи, а срцето тврдо заради тоа што луѓето ја отфрлаат светлината. Тоа често се случува постепено и речиси незабележливо. Светлината доаѓа до душата преку Божјата Реч, преку Неговите слуги или со непосредно делување на Неговиот Дух, но, ако човекот игнорира еден зрак светлина, тој со тоа делумно го умртвува духовното согледување, па следното откривање на светлината уште помалку се распознава. Така се зголемува темнината, додека на крај темнина не завладее во душата“. – *Копнежот на вековите, 322.*

„Опасно е да се изговори некој збор на сомнеж, опасно е да се преиспитува и критикува божествената светлина. Навиката за лекомислено критикување без стравопочит влијае на карактерот, бидејќи негува непочитување и неверување. Човекот што се оддава на таа навика несвесно стапува на опасен пат и на крај е подготвен да критикува и да го отфрли делото на Светиот Дух“. – *Копнежот на вековите, 323.*

„Кога на некои лица им се говори за прашањата за здравјето, тие често велат: ’Знаеме многу повеќе отколку што извршуваме’. Тие не сфаќаат дека се одговорни за секој зрак на светлина во поглед на чување на телесното здравје и дека секоја нивна навика Му е позната на Бога“. – *6 Сведоштво, 372.*

## 3. БОГАТСТВОТО ПРЕЦЕНЕТО

**а. Какви предупредувања се дадени во врска со искушенијата што ги опкружуваат оние кои се благословени со повеќе материјални добра од другите? Јаков 5:1.**

„Проповедниците не треба на никого да му ласкаат, ниту да гледаат кој е кој. Секогаш постоела, и сѐ уште постои голема опасност да се згреши во тоа - богатите барем малку да се разликуваат од другите и да им се ласка со укажување поголемо внимание, ако не и со зборови. Опасно е поради добивка да се ʼгледа кој е кој,ʼ (Јуда 16) бидејќи со тоа се загрозуваат вечните интереси. Може да се случи некој проповедник да стане посебен миленик на некој богаташ кој поради тоа станува мошне дарежлив кон него; ова на проповедникот му причинува големо задоволство и тој за возврат со зборови ја фали дарежливоста на својот донатор. Неговото име поради тоа може да се истакнува и во печатот, па сепак тој дарежлив донатор може да биде сосем недостоен за пофалбата што му се укажува. Неговата дарежливост не потекнува од длабока и искрена желба со своите прилози да направи добро, да го потпомогне Божјото дело затоа што го цени, туку од некоја себична побуда и желба да покаже пред другите дека е дарежлив. Тој можеби го прави тоа и не размислувајќи, без никакво длабоко и начелно убедување. Можеби, слушајќи некоја возбудлива вистина е поттикнат за кратко време да го одврзе ќесето со пари. Но на крајот сепак се дознава дека неговата дарежливост не потекнува од некоја подлабока побуда. Тој дава повремено. Неговиот паричник повремено се отвора, но исто така повремено и ненадејно се затвора. Тој не заслужува никаква пофалба, бидејќи е само скржавец во потполна смисла на зборот; и сѐ додека не се обрати во потполност и тој ќе го слушне жалното осудување: ʼОдете сега вие богати, плачете и ридајте за своите лути неволји што доаѓаат на вас. Вашето богатство изгни, а вашата облека ја изедоа молциʼ. Таквите дури на крајот ќе се разбудат од својата страшна самоизмама. Оние што сега ја пофалуваат нивната грчевита дарежливост му помагаат на сатаната да ги измамува наведувајќи ги за себе да мислат дека се многу дарежливи и самопожртвувани, додека всушност немаат никаква претстава што е вистинска дарежливост или самопожртвуваност“. – *1 Сведоштво, 475,476.*

**б. Како да ги подобриме нашите приоритети во однос на парите? Изреки 11:4.**

„Со постојана примена во пракса, добродетелството сѐ повеќе зајакнува и развива додека не стане цврсто начело кое владее со човечката душа. За нашиот духовен развој е многу опасно ако дозволиме себичноста и лакомството да најдат и најмало место во нашето срце“. – *3 Сведоштво, 548,549.*

## 4. ОСТАВАЊЕ НА ИДОЛОТ

### а. Која е често причина поради која луѓето трупаат богатство? Јаков 5:2 (прв дел).

___

„Желбата за добивка станала најголема страст на нашето поколение. Богатството честопати се стекнува на нечесен начин. Многу луѓе се борат со сиромаштво, принудени да обавуваат тешка работа за мала плата, неспособни да ги обезбедат најнеопходните потреби за живот. Мачната работа и лишувањето, без надеж за нешто подобро, го прават нивниот товар тежок. Загрижени и депресивни, тие не знаат кому да му се обратат за помош, а сето ова се случува само за да можат богатите да ја задржат својата екстраваганција или алчноста за натрупување богатство!

Среброљубието и љубовта кон прикажувањето направиле од овој свет гнездо на арамии и крадци. Во Светото писмо е даден опис на алчноста и насилството кои што ќе преовладуваат пред самото второ Христово доаѓање“. – *Пророци и цареви, 650,651.*

### б. Што го мотивира најголемиот дел од светот денес - и каков повик треба да им се упати на оние кои се водени од тоа? 1 Тимотеј 6:9,10; Второзаконие 8:18,19.

„Библијата не го осудува човекот, бидејќи е богат, доколку чесно го стекнал своето богатство. Корен на секое зло не се парите, туку љубовта кон нив. Бог е Тој што им дава сила на луѓето да придобијат богатство и во рацете на оној, којшто постапува како Божји управител, употребувајќи ги своите средства на несебичен начин, богатството е благослов, како за оној што го поседува, така и за светот. Но многумина обземени од интерес за богатствата на овој свет, стануваат нечувствителни за Божјите барања и за потребите на своите ближни. За нив, нивното богатство е средство преку кое ќе се прославаат себеси, па затоа ги зголемуваат своите имоти, додаваат нови куќи кон постоечките и ги полнат со раскошни нешта, додека насекаде околу нив постојат човечки битија што се наоѓаат во мизерија, порок, болест и смрт. Оние што живеат само за да си служат на себеси и своите задоволства, развиваат карактеристики што не се својствени на Бога, туку на кнезот на злото.

Таквите луѓе имаат потреба од Евангелието; нивните очи треба да се одвратат од празната слава на материјалните нешта, за да ги видат славата и скапоценоста на непоминливите добра...

Некои се особено погодни да работат со повисоките општествени класи. Тие треба да бараат мудрост од Бога, за да знаат како да допрат до тие луѓе, не само како по некоја службена должност, туку во лични обиди и со жива вера да ги натераат да ги согледаат потребите на сопствените души и да ги водат кон познавање на вистината, каква што е во Христа“. – *Здравје и среќа, 212,213.*

Четврток 12. декември

# 5. ГЛЕДАЈТЕ НАД МАТЕРИЈАЛИЗМОТ

**а. Опишете го резултатот од незаконски стекнатата добивка. Јаков 5:2 (последен дел).**

„Богатството донесува големи одговорности со себе. Оние кои го стекнуваат со неправедни дела, измама во трговијата, угнетување на вдовиците и сирачињата или натрупување на пари не обѕирајќи се на потребите на сиромашните, на крајот ќе добијат праведна одмазда за која зборува вдахновениот апостол“. – *2 Сведоштво, 682.*

**б. Која е посебната Божја порака во врска со богатството? 1 Тимотеј 6:17-19.**

„Најпонизните и најсиромашните од вистинските Христови следбеници кои се богати во добрите дела, се поблагословени и подраги на Бога од луѓето кои се фалат со своето богатство. Тие повеќе ќе бидат почитувани на небото, повеќе и од најголемите цареви и великани кои не се богателе во Бога...

Луѓето кои натрупуваат пари и ги вложуваат во земјиште, додека на членовите на своите семејства им ги скусуваат удобносите на животот, се однесуваат како безумници. Тие не им дозволуваат да го користат она што Бог толку богато им го подарил. Иако имаат големи имоти, тие пак ги поттикнуваат членовите на своето семејство да работат преку своите можности за да заработат и да натрупуваат уште повеќе. Мозокот, силата и мускулите се напрегаат до најголем степен поради натрупување на богатство, а верата и христијанските должности се запоставуваат. Да се работи, работи, работи - тоа е единствената цел од утро до мрак.

Многумина не покажуваат искрена желба да ја запознаат Божјата волја и да ги разберат Неговите барања според нив. Некои од оние кои се обидуваат да ја однесат вистината на другите, не се покоруваат ниту сами на Божјата реч. Колку повеќе има вакви учители во Божјото дело, толку помалку ќе имаат успех“. – *2 Сведоштво, 682,683.*

Петок 13. декември

## ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

1. **Што правам, кога се задржувам на недостатоците на другите?**
2. **Објаснете како Светиот Дух се жалости кога ја занемаруваме светлината испратена од небото.**
3. **Како можат да бидат заробени и богатите поединци и нивните пастири?**
4. **Зошто алчноста е во пораст и зошто треба да ја избегнуваме сега повеќе од кога било?**
5. **Опишете ја убавината и придобивките од понизноста во Христа.**

# Да се фокусираме на небото

**„Па трпете и вие, укрепете ги срцата свои, зашто доаѓањето на Господ се приближи“ (Јаков 5:8).**

„Треба постојано да бидеш облечен во Божјата праведност. Треба да имаш на ум дека си Божјо дете и дека твојот дух треба да биде благ, нежен и трпелив. Погрижи се себичноста и алчноста да не престојуваат во твојата душа“. – *Manuscript Releases, vol. 13, p. 288.*

**ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРОЧИТАТЕ:** *Рани списи, 72-73.*

Недела 15. декември

## 1. ВРЕМЕ ЗА ПРЕИСПИТУВАЊЕ!

**а. Што ќе се случи наскоро со предметите кои биле толку високо ценети и често барани уште од античко време - и на што треба да нè потсетува ова? Исаија 31:6,7.**

______________________________________________________________________

„Себичната љубов кон парите кои погрешно се користат е корен на сите зла. Богатството ќе биде благодат ако кон него се однесуваме како да Му припаѓа на Господа, ако се прима со благодарност и ако со благодарност се враќа на Дарителот.

Меѓутоа, што вреди неброеното богатство, ако се вложува во скапи куќи или банковен капитал? Колкава вредност има тоа во споредба со спасување на само една душа за која умрел Синот на бесконечниот Бог?“ *– 6 Сведоштво, 453.*

„Оние коишто се оправдуваат, продолжуваат да грешат и се угледуваат на светот, ќе бидат препуштени на своите идоли... Кога Христос ќе дојде во Својата слава и во славата на Својот Татко, опкружен со безброј небесни ангели кои ќе го следат на Неговиот пат со победничка песна, со звуци на најзанесна музика, тогаш нема да постои ниту еден рамнодушен набљудувач. Тогаш душата нема да биде зафатена со земските сметки. Товарите злато со кои скржавецот ги натопувал своите очи, нема повеќе да бидат привлечни. Со гнасење и презир ќе бидат напуштени дворците коишто ги изградиле горделивите луѓе на овој свет, кои претставуваат идоли“. *– 2 Сведоштво, 41.*

## 2. ПРЕД ДА БИДЕ ПРЕДОЦНА...

**а. Како Светото писмо ги опишува оние кои одолговлекуваат и ја пропуштаат можноста да му оддадат чест на Бог со својот имот? Осија 4:17; Матеј 25:11,12.**

**б. Објаснете го крајот на сите - вклучувајќи ги и оние што ја исповедаат сегашната вистина - кои цврсто се држат за своите материјални добра. Јаков 5:3.**

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

„(Јаков 5:1-3). Покажано ми е дека овие страшни зборови посебно се однесуваат на оние богаташи кои тврдат дека веруваат во сегашната вистина. Господ ги повикува своите средства да ги употребат за ширење на Неговото дело. Постојано им се укажуваат можности за тоа, но тие ги затвораат очите пред потребите на делото и грчевито се држат за своето земно богатство. Нивната љубов кон светот е поголема од нивната љубов кон вистината, кон ближните и кон Бог. Тој ги бара нивните средства, но тие себично и лакомо го задржуваат сето она што го имаат само за себе. Од време на време можеби даваат по нешто за да ја смират својата совест, но не можат да ја победат својата љубов кон светот.

Тие не се подготвени вистински да се жртвуваат за Бога. Затоа Бог, подигнува други кои го ценат вечниот живот и сфаќајќи ја барем малку вредноста на душата, со задоволство даваат средства за напредок на Божјото дело. Делото се ближи кон својот крај, и средствата на оние што упорно го задржуваат своето богатство, своите големи имоти, стока и останато, наскоро веќе нема да биде потребна. Видов како Господ им се обраќа на таквите во Својот гнев, повторувајќи ги зборовите: „Одете сега, вие богати!" Тој ве повикувал, но вие не сакавте да слушнете. Љубовта кон светот го задуши Неговиот глас. Сега повеќе не сте Му потребни и Тој ве препушта да одите по своите сопствени патишта, велејќи: 'Одете сега, вие богати!'

О, видов колку е страшно да се биде напуштен од Господ страшно е да се задржува пропадливото овоземно богатство, кога Тој рекол дека со продажба и со давање прилози можеме да собираме богатство на небото. Видов дека, кога делото ќе се приближи кон својот крај и кога вистината ќе добие голема сила, тие богати ќе ги донесуваат своите средства пред нозете на Божјите слуги, молејќи ги да го примат тоа. Одговорот на Божјите слуги ќе биде: 'Одете сега, вие богати! Вашите средства веќе не се потребни. Додека со тие средства можевте да придонесете за напредокот на Божјото дело, вие ги задржувавте за себе. Сиромашните страдаа, бидејќи не можеше да им се помогне затоа што вие ги задржувавте средствата. Сега Бог веќе не може да го прими вашето богатство'". – *1 Сведоштво, 174,175.*

## 3. ДА ГО НАУЧИМЕ ЗЛАТНОТО ПРАВИЛО

**а. Како богатите често се однесуваат со своите вработени - или оние што купуваат од нив - и што треба да имаме на ум? Јаков 5:4-6; Матеј 7:12.**

„Видов дека сите богатства што ги стекнуваат луѓето не се од Бога. Во стекнувањето на богатство сатаната често прави далеку повеќе отколку Бог. Многу богатство се стекнува со задржување на платите на наемниците. По природа, лакомите богаташи своето богатство го зголемуваат експлоатирајќи ги своите наемници, и користејќи туѓа работна сила тие си насобираат богатство што ќе ’го изеде нивното тело како оган’.

Оние на кои строгата чесност и чесното однесување не им биле доблести мораат потполно да го променат својот животен пат, и одлучно да работат на тоа да го откупат тоа што го пропуштиле. Во тоа грешат и мнозина од оние што ја празнуваат саботата. Некои ги искористуваат дури и своите сиромашни браќа. Оние што живеат во изобилство бараат за она што го продаваат повеќе од реалната вредност, повеќе од тоа колку тие би платиле, додека нивните браќа се оптоварени со долгови и измачени со немаштија. Бог знае за сето тоа. И за секоја себична постапка, за секое лакомо изнудување, луѓето ќе примат соодветна плата.

Видов дека невнимателноста кон ситуацијата во која се наоѓа нашиот брат е вистинска свирепост и неправда. Ако тој и покрај сета своја трудољубивост западнал во немаштија и неволја, тоа треба да се земе во предвид; и кога нешто купува од оние што се побогати не би требало дури и да му наплатат, туку како браќа да имаат срце и сожалување кон него. Таквите постапки на добрина и љубов Бог ги одобрува, и нема да останат ненаградени. Но против многу од оние што ја празнуваат саботата се пишуваат страшни извештаи поради нивните себични и лакоми постапки“. – *1 Сведоштво, 175,176.*

**б. Како верниците доброволно го давале својот имот во поранешните времиња? 2 Коринтјаните 8:1,2.**

„Укажано ми е на времето кога беше мал бројот на оние што беа подготвени да ја слушаат и да ја прифатат вистината. Тие немале многу средства и световни добра. Оние што можеле да приложат средства за потребите на делото биле малку. Сфаќајќи ги потребите на делото, некои ги продавале своите куќи и купувале поскромни кои им служела само како засолниште, додека своите средства великодушно ги давале за ширење на вистината по пат на печат, и на разни други начини го потпомагале напредувањето на делото. Гледајќи ги тие самопожртвувани верници, видов дека тие се лишувале од многу нешта во интерес на Божјото дело. Видов како ангелот стои пред секој од нив и, насочувајќи го нивниот поглед нагоре, нагласува: „Вашето богатство е на небото! Вашето богатство е на небото, богатство кое не пропаѓа. Бидете истрајни до крајот, и голема ќе биде вашата награда“. – *1 Сведоштво, 176.*

## 2. ДОБЛЕСТА КОЈА Е ВАЖНА ДЕНЕС

**а. Зошто трпението е толку важно во развојот на нашиот карактер? Јаков 5:7.**

_______________________________________________________________________
_______________________________________________________________________

„’Ете, земјоделецот чека драгоцен плод од земјата и долго трпи за него, додека не добие дожд, ран или доцен’ (Јаков 5:7). Значи, христијанинот треба стрпливо да чека во неговиот живот да се покажат плодовите на Божјата реч. Честопати кога се молиме за благодатите на духот, Бог ги прима нашите молитви доведувајќи нè во околности во кои можат да се развијат тие плодови; но ние не ја разбираме Неговата намера, се чудиме и сме уплашени. Сепак, никој не може да ги развие овие доблести ако не се подложи на процес на растење и раѓање на плодови. Наш дел е да ја примиме Божјата реч, да се држиме цврсто за неа, целосно да се ставиме под нејзина контрола и тогаш ќе се исполни нејзината намера во нас.

Христос рекол: ’Ако некој Ме љуби, ќе го пази словото Мое; и Мојот Отец ќе го возљуби, и ќе дојдеме кај него и живеалиште во него ќе направиме’ (Јован 14:23). Нашата волја ќе биде под контрола на еден посилен, посовршен ум, зашто сме воспоставиле жива врска со Изворот на непрекратната сила. Нашиот божествен живот ќе се сообрази со желбите на Исуса Христа. Го нема веќе вообичаениот себичен живот, туку во нас ќе живее Христос. Во нашата природа ќе се обнови Неговиот карактер. И така ќе ги донесеме плодовите на Светиот Дух – ’еден сто, друг шеесет, а трет триесет’“. – *Христовите поуки, 61.*

**б. Зошто трпението ни помага кога сме во искушение да бидеме фрустрирани и депресивни поради ескалацијата на злото на оваа планета? Јаков 5:8; Лука 21:19.**

_______________________________________________________________________
_______________________________________________________________________

„Светот станал дрзок во престапот на Божјиот закон. Поради Неговата долга трпеливост, луѓето го погазиле Неговиот авторитет. Се поддржувале едни со други во угнетувањето и во свирепоста кон Неговото наследство, велејќи: ’Како ќе дознае Бог, и има ли знаење во Севишниот?’ (Псалм 73:11). Но, постои линија преку која тие не можат да преминат. Наближува времето кога тие ќе ја достигнат пропишаната граница. Дури и сега тие речиси ја надминале границата на Божјото долго трпение, границата на Неговата благодат, границата на Неговата милост. Господ ќе се вмеша да ја оправда Својата чест, да го избави Својот народ и да му стави крај на беззаконието кое е во силен подем“. – *Христовите поуки, 177,178.*

Четврток 19. декември

## 5. ПРИМЕРИ КОИ ТРЕБА ДА НÈ ЗАЈАКНАТ

**а. На што премногу често се фокусираме во црковниот живот - и на што треба да мислиме наместо тоа? Левитска 19:18; Јаков 5:9,10.**

„Авел, првиот христијанин од Адам, умрел како маченик. Енох одел со Бога, но светот не го познал. Ное бил исмејуван како фанатик кој внесувал немир меѓу луѓето. ’А други поднесоа подигрување и камшикување, па дури и окови и затвор’. ’А други беа мачени и не се избавија, за да добијат подобро воскресение’ (Евреите 11:36,35).

Во сите векови Божјите избраници биле понижувани и прогонувани, но сепак, преку нивните неволји, знаењето за Бога се ширело на сите страни. Секој Христов ученик мора да стапи во овие редови и да го продолжи истото дело, знаејќи дека непријателите на делото не можат да сторат ништо против вистината, туку само за вистината. Бог сака вистината на сите да им стане позната, и да стане предмет на испитување и дискусија, дури и ако презирањето ги навело луѓето на тоа. Човечките умови мора да бидат потресени. Секој судир, секој укор, секој напор да се ограничи слободата на совеста, сето тоа се Божји средства да се разбудат умовите кои инаку би можеле да заспијат.

Колку пати ова се потврдило во животот на Божјите гласници! Кога благородниот и речит Стефан бил каменуван до смрт на поттик на Синедрионскиот совет, тоа не му нанело никаква загуба на делото на Евангелието. Небесната светлина која го осветлувала со слава неговото лице, и божественото сочувство со која дишела неговата смртна молитва, биле како остра стрела на осведочување за верски закоравениот член на Високиот совет кој тука присуствувал. И Савле, иако фарисеј и прогонувач, станал избран сад да го донесе Христовото име ’пред народи и цареви и синовите Израелови’“ (Дела 9:15). – *Мисли од гората, 33,34.*

Петок 20. декември

### ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

1. **Што треба да сфатам за вредноста на моите пари.**
2. **Што значи Христовиот повик во Јаков 5:1?**
3. **За која слабост можам да бидам виновен во врска со финансиските прашања?**
4. **На крајот, како трпението ќе блесне како доблест меѓу Божјиот народ?**
5. **Како прогонетите маченици низ историјата го задржале својот фокус?**

# Да издржиме со вера

**„Исповедајте си ги гревовите еден на друг и молете се еден за друг за да се исцелите. Голема сила има усрдната молитва на праведникот“ (Јаков 5:16).**

„Понизната, горлива молитва ќе ја спаси душата од смртта, а исповедта и надокнадата на штетата ќе покријат мноштво гревови“. – *The Review and Herald, December 16, 1902.*

**ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРОЧИТАТЕ:** *Здравје и среќа, 225-233; 3 Сведоштво, 271-293.*

Недела 22. декември

## 1. НАДЕЖ

**а. По која доблест е особено познат Јов, и што ни кажува ова за Бога? Јаков 5:11.**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

„Тој (Господ) чека со неуморна љубов да ги чуе признанијата на заблудените и да го прифати нивното покајание. Тој бара од нас некаков знак на благодарност, како што мајката очекува саканото дете со насмевка да и покаже дека ја препознало. Тој сака да сфатиме колку искрено и нежно Неговото срце копнее за нас. Тој нè повикува да дојдеме кај Него за да земе учество во нашите неволји. Со својата љубов да ги ублажи нашите јадови, да ги излечи нашите рани, да нè зајакне во слабоста и да ја исполни нашата празнина. Никој кој дошол кај Него не се разочарал. ’Кон Него погледнете и разведрете се, и лицата ваши нема да се посрамат’ (Псалм 34:5).

Оние кои во тајност го бараат Бога, изнесувајќи ги пред Него своите потреби и бараат помош, нема да се молат напразно“. – *Мисли од горага, 84,85.*

**б. Како Јаков ги повторува Христовите зборови во однос на веродостојноста? Јаков 5:12; Матеј 5:37.**

„Сè што прават христијаните треба да биде јасно како сончевата светлина“. – *Мисли од горага, 68.*

## 2. ВЕРА НАСПРОТИ ПРЕТПОСТАВКАТА

**а. Ако страдаме од болест, како и зошто сме охрабрени да дојдеме кај големиот Животодавец? Јаков 5:13-15; Псалм 103:1-3.**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

„Бог и денес е подготвен да му го поврати здравјето на болниот исто, како кога Светиот Дух ги изговорил овие зборови преку псалмистот Давид. Христос и денес е истиот сочувствителен Лекар како што бил за време на Својата служба на земјата. Во Него се наоѓа ислецувачки мелем за секоја болест, обновувачка сила за секоја немоќ. Неговите следбеници и денес треба да се молат за болните, исто како што се молеле првите ученици. И исцелувањето ќе дојде, затоа што „молитвата од вера ќе го спаси болниот“. Со силата што ни ја дава Светиот Дух и мирното уверение што ни го пружа верата, ние можеме да се повикаме на Божјите ветувања. Божјото ветување, ’на болни ќе полагаат раце и тие ќе оздравуваат’ (Марко 16:18), е исто толку верно и денес, колку што било во времето на апостолите“. – *Здравје и среќа, 226.*

**б. За каква рамнотежа мора да бидеме свесни кога бараме здравје? Псалм 66:18.**

„Ние не ја заслужуваме Неговата милост, но доколку Му се предадеме, Тој ќе нѐ прими. Тој има волја да се застапува за оние што Го следат и да делува преку нив.

Само доколку живееме во послушност кон Неговиот збор, ние можеме да полагаме право за исполнување на Неговите ветувања... Доколку му се покоруваме само делумно и со половина срце, Неговите ветувања нема да се исполнат на нас“. – *Здравје и среќа, 227.*

„Начинот на кој Христос работел бил да го проповеда словото и да ги ублажува страдањата на луѓето со чудесни дела на исцелување. Меѓутоа, ми беше наложено дека сега не можеме да работиме на овој начин, бидејќи и сатаната ќе ја примени својата моќ правејќи чуда. Божјите слуги денес не можат да работат со чуда, бидејќи ќе се вршат лажни дела на исцелување, кои ќе бидат прогласени за божествени.

Поради оваа причина, Господ одредил начин на кој Неговиот народ треба да врши дело на физичко исцелување комбинирано со проповедање на словото. Треба да се организираат санаториуми, а со овие институции да се поврзат работници кои ќе вршат вистинска здравствено-мисионерска работа. На овој начин оние кои ќе дојдат на лекување во санаториуми ќе имаат заштитно дејство.

Ова е одредбата што Бог ја дал со која треба да се изврши евангелска здравствена мисионерска работа за многу души“. – *Medical Ministry, p. 14.*

## 3. ДВА РАЗЛИЧНИ ВИДА НА ХРАБРОСТ

**а. Наведете витален аспект на лекувањето кој за жал е занемарен. Јаков 5:16.**

_______________________________________________________________

_______________________________________________________________

„Колку се во заблуда оние што мислат дека признавањето на гревот ќе го наруши нивното достоинство и ќе го намали нивното влијание меѓу нивните ближни! Држејќи се до оваа погрешна идеја, иако ги гледаат своите маани, многумина пропуштаат да ги признаат, туку поминуваат преку неправдите што им ги нанеле на другите; на тој начин си го загорчуваат животот и фрлаат сенка на животите на другите. Признавањето на гревот нема да му наштети на вашето достоинство. Отфрли го ова лажно достоинство. Падни на Карпата и разбиј се, и Христос ќе ти го даде вистинското и небесно достоинство. Никој нека не дозволи гордоста, самопочитта или самоправедноста да го спречат да ги исповеда своите гревови, за да може да се повика на ветувањето: ’Кој ги крие своите престапи нема успех, а кој ги исповеда и се одречува од нив, наоѓа милост’ (Изреки 28:13). Не криј ништо од Бога и не занемарувај да ги признаеш своите грешки пред своите браќа. ’И така, исповедајте си ги гревовите еден на друг и молете се еден за друг, за да оздравите’ (Јаков 5:16). Многу гревови се оставени неисповедани и грешникот ќе мора да се соочи со нив во денот на конечната пресметка; сега е многу подобро да се соочиш со твоите гревови, да ги признаеш и да се откажеш од нив, додека помирувачката Жртва посредува во твое име. Не пропуштај да ја дознаеш Божјата волја на оваа тема. Благосостојбата на твојата душа и спасението на другите зависи од курсот што го следиш во овој поглед“. – *Selected Messages, bk. 1, pp. 326, 327.*

**б. Кога бил загрижен за духовното отпадништво на својот народ, каква акција презел Илија и како Бог го зачувал? 1 Цареви 17:1-3.**

_______________________________________________________________

_______________________________________________________________

„Во душевна болка (Илија) викал кон Господа да не дозволи Неговиот избран народ и понатаму да оди по лошите патишта, да го казни, ако е тоа потребно, за да стане свесен дека се одвоил од Небото. Копнеел да го види народот во покајание пред уште повеќе да потоне во зло и да го предизвика Господа целосно да ги уништи...

Илија добил задача да му ја пренесе оваа вест за небесниот суд на Ахав... Кога дошол во дворот, не ги молел да го примат ниту чекал да го најават. Облечен во груба облека од кострет, какви што пророците обично носеле во тоа време, поминал покрај стражата, наизглед незабележан и набрзо се нашол пред царот“. – *Пророци и цареви, 120,121.*

## 2. УЧИМЕ ОД ИЛИЈА

**а. Зошто ни се оставени како пример молитвите на Илија Бог да го разбуди својот отпаднички народ? Јаков 5:17.**

_______________________________________________________________________________
_______________________________________________________________________________

„Многуте опомени, повици и укори не го навеле Израел да се покае. Дошол момент кога Бог морал да проговори со суд. Над осквернетата земја лежело тешко Божјо проклетство, затоа што Вааловите свештеници тврделе дека небесните дарови, росата и дождот, не доаѓаат од Господа туку од природните сили и дека земјата ги добива своите благодети благодарејќи на грижата на енергијата од сонцето и така донесува обилен род. Требало да им се покаже на отпадничките Израелови племиња колкава лудост е да се очекува дека земските благодети доаѓаат од Вааловите сили. Земјата нема да добие ниту роса ниту дожд сè додека не се покајат, сè додека не се вратат кај Бога и признаат дека Тој е изворот на сите благослови“. – *Пророци и цареви, 120.*

**б. Откако Израел ја обновил својата верност кон Бога, како молитвите на Илија повторно се пример за нас? Јаков 5:18; 1 Цареви 18:39-45.**

_______________________________________________________________________________
_______________________________________________________________________________

„Шест пати тој (Илија) искрено се молел, а сепак немало знак дека неговата молитва е исполнета, но сепак со силна вера се обраќал до престолот на милоста. Ако се обесхрабреше по шести пат, неговата молитва немаше да биде услишена, но тој истраја додека не дојде одговорот. Имаме Бог чие уво не е затворено за нашите молби; и ако се повикаме на Неговите ветувања, Тој ќе ја награди нашата вера. Тој сака нашите интереси да бидат усогласени со Неговите интереси и тогаш сигурно ќе нè благослови, бидејќи ние нема да ја бараме сопствената слава, туку целата слава ќе му ја припишеме на Неговото име. Бог не секогаш одговара на нашите молитви веднаш штом ќе го повикаме, зашто, доколку Тој го направи тоа, би изгледало дека имаме целосно право на сите благослови и богатства што Тој ни ги дал. Наместо тоа, Тој очекува да ги испитаме нашите срца, за да видиме дали можеби нашол некое зло, или некој грев на кој му попуштаме и да не ја сфатиме нашата зависност од Него и нашата потреба од Негова помош.

Илија се понизил до тој степен што повеќе не си ја давал славата себеси. Ова е условот под кој Господ одговара на молитвата, бидејќи тогаш ќе Му оддадеме пофалба“. – *The SDA Bible Commentary [E. G. White Comments], vol. 2, pp. 1034, 1035.*

Четврток 26. декември

## 5. ШИРЕЊЕ НА ХРИСТИЈАНСКАТА НЕЖНОСТ

**а. Среде разочарувањето со кое грешните луѓе нè опсипуваат во овој паднат свет, со кој конечен апел Јаков го завршува своето послание до нас? Јаков 5:19,20.**

„На оние што згрешиле немојте да им давате повод да се обесхрабрат. Немојте со својата фарисејска нечувствителност да го ранувате својот брат. Ниту во умот ниту во срцето нека не ви се јави некоја заjадлива, горчлива мисла. Во вашиот глас нека не се покаже никаква трага од презир. Ако сте решиле да искажете некое свое мислење или да заземете рамнодушен став, да покажете сомнителност или недоверба, вие сте ја запечатиле пропаста на таа душа. Нејзе и е потребен брат со сочувствително срце кое со својата љубов, слично на постариот Брат (Христос), ќе ги трогне нејзините човечки чувства. Нека почувствува цврст стисок на братска рака, нека го чуе шепотот: 'Ајде да се молиме!' Бог и вам и нему ќе ви подари богато искуство. Молитвата ве соединува меѓусебно и со Бога. Молитвата го носи Исуса на наша страна и на слабата, збунета душа, и дава нова сила да го совлада светот, телото и ѓаволот. Молитвата ги одбива нападите на сатаната.

Кога некој ќе се сврти од човечките несовршености и го посматра Исуса, во неговиот карактер се случува божествена преобразба. Христовиот Дух влијае врз срцето и го прилагодува на Неговиот лик. А потоа издигнете го Исуса. Вашите духовни очи нека го посматраат 'Јагнето Божјо, Кое ги зеде гревовите на светот врз Себе!' (Јован 1:29). Кога ќе се вклучите во Неговото дело, спомнете си дека 'Оној што обрати грешник од лажлив пат, спасува една душа од смрт и ќе покрие многу гревови' (Јаков 5:20)...

Божественото проштавање ја привлекува душата на заталканиот кон големото срце на бесконечната љубов. Во душата на грешникот се влева река на божествено сочувство, а од неа истата се влева во душите на другите“. – *Христовите поуки, 250,251.*

Петок 27. декември

### ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

1. **Во кои моменти од мојот живот сум ја видел големата Божја милост кон мене?**
2. **На кој начин би можел да бидам виновен за претпоставка во однос на моето здравје?**
3. **Како била услишена молитвата на Илија за неговиот народ?**
4. **Зошто Илија имаше потреба да се моли толку пати за повторно да падне дожд?**
5. **Со кого треба да имам посочувствителен однос и зошто?**

# БОГОСЛУЖБА ВО СЕМЕЈСТВОТО

## Октомври - 2024.

| Дат. | Ден | Утринска молитва | Вечерна молитва | За оние кои немаат свед. |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Вторник | Ерем. 29:4-9. | Коп. на век. 34. | Ер. 42. 20-22. |
| 2. | Среда | Ерем. 29:10-14. | Коп. на век. 35. | Ер. 43:10-13. |
| 3. | Четврток | Ерем. 29:17-20. | Коп. на век. 36 | Ер. 44:2-6. |
| 4. | Петок | Ерем. 30:1-7. | Сонцето заоѓа во 18 08 | |
| 5. | Сабота | Псалм 108:1-6. | Сонцето заоѓа во 18 07 | |
| 6. | Недела | Ездра 1:1-4. | Коп. на век. 38. | Ер. 44:7,8. |
| 7. | Понеделник | Исаија 44:24-28. | Коп. на век. 39. | Ер. 44:9-11. |
| 8. | Вторник | Исаија 45:1-6. | Коп. на век. 40. | Ер. 44:12-14. |
| 9. | Среда | Ездра 1:5-8. | Коп. на век. 41. | Ер. 44:15. |
| 10. | Четврток | Софон. 29:17-20. | Коп. на век. 42. | Ер. 2-6. |
| 11. | Петок | Ездра 30:1-7. | Сонцето заоѓа во 17 57 | |
| 12. | Сабота | Псалм 108:7-13. | Сонцето заоѓа во 17 55 | |
| 13. | Недела | Ездра 3:10-13. | Коп. на век. 43. | Ер. 44:24-27. |
| 14. | Понеделник | Ездра 4:1-4. | Коп. на век. 44. | Ер. 44:28-30. |
| 15. | Вторник | Ездра 4:11-15. | Коп. на век. 45. | Ер. 45:1-5. |
| 16. | Среда | Ездра 4:18-24. | Коп. на век. 46. | Ер. 46:27,28. |
| 17. | Четврток | Ездра 5:1-5. | Коп. на век. 47. | Ер. 48:8-10. |
| 18. | Петок | Агеј 1:1-6. | Сонцето заоѓа во 17 46 | |
| 19. | Сабота | Псалм 106:1-6. | Сонцето заоѓа во 17 44 | |
| 20. | Недела | Агеј 1:7-11. | Коп. на век. 48. | Ер. 50:1-5. |
| 21. | Понеделник | Агеј 1:12-14. | Коп. на век. 49. | Ер. 50:6-9. |
| 22. | Вторник | Агеј 2:1-4. | Коп. на век. 50. | Ер. 50:17-23. |
| 23. | Среда | Агеј 2:5-9. | Коп. на век. 51. | Ер. 50:23-26. |
| 24. | Четврток | Зах. 1:1-6. | Коп. на век. 52. | Ер. 50:29-32. |
| 25. | Петок | Зах. 1:8-13. | Сонцето заоѓа во 17 35 | |
| 26. | Сабота | Псалм 105:1-7. | Сонцето заоѓа во 17 34 | |
| 27. | Недела | Зах. 1:14-17. | Коп. на век. 53. | Ер. 50:39-42. |
| 28. | Понеделник | Зах. 2:1-8. | Коп. на век. 54. | Ер. 51:1-6. |
| 29. | Вторник | Ездра 5:9-14. | Коп. на век. 56. | Откр. 17:3-6. |
| 30. | Среда | Проп. 5:1,2. | Коп. на век. 58. | Ер. 51:57,58. |
| 31. | Четврток | Проп. 8:11-14. | Коп. на век. 59. | Ер. 2:11-14. |

# Ноември - 2024

| Дат. | Ден | Утринска молитва | Вечерна молитва | За оние кои немаат свед. |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Петок | Ездра | Сонцето заоѓа во 16 26 | |
| 2. | Сабота | Псалм 104:1-3. | Сонцето заоѓа во 16 25 | |
| 3. | Недела | Ездра 7:25-28. | Коп. на век. 60. | Ер. 51:7-11. |
| 4. | Понеделник | Ездра 8:21-23. | Коп. на век. 62. | Ер. 51:15-19. |
| 5. | Вторник | Ездра 9:1-5. | Коп. на век. 63, | Ер. 51:44-46. |
| 6. | Среда | Ездра 9:6-10. | Коп. на век. 64. | Ер. 51:49-53. |
| 7. | Четврток | Ездра 9:13-15. | Коп. на век. 65. | Ер. 51:60-64. |
| 8. | Петок | Ездра 10:1,2. | Сонцето заоѓа во 16 18 | |
| 9. | Сабота | Пс. 104.19-24. | Сонцето заоѓа во 16 16 | |
| 10. | Недела | Зах. 3:1-7. | Коп. на век. 66. | Пл. Ер. 1:1-4. |
| 11. | Понеделник | Нем. 1:1-6. | Коп. на век. 67. | Пл. Ер. 1:5-8. |
| 12. | Вторник | Нем. 1:7-11. | Коп. на век. 68. | Пл. Ер. 1:9-12. |
| 13. | Среда | Нем. 2:1-4. | Коп. на век. 69. | Пл. Ер. 1:13-15. |
| 14. | Четврток | Нем. 4:1-5. | Коп. на век. 70. | Пл. Ер. 1:16-20. |
| 15. | Петок | Нем. 4:7-10. | Сонцето заоѓа во 16 11 | |
| 16. | Сабота | Псалм 102:12-18. | Сонцето заоѓа во 16 10 | |
| 17. | Недела | Нем. 4:13-18. | Коп. на век. 71. | Пл. Ер. 1:21,22. |
| 18. | Понеделник | Нем. 5:9-13. | Коп. на век. 72. | Пл. Ер. 2:1-4. |
| 19. | Вторник | Нем. 6:1-9. | Коп. на век. 73. | Пл. Ер. 2:6-9. |
| 20. | Среда | Нем. 6:10-14. | Коп. на век. 74. | Пл. Ер. 2:10-13. |
| 21. | Четврток | Нем. 8:1-6. | Коп. на век. 75. | Пл. Ер. 2:14-17. |
| 22. | Петок | Нем. 8:8-10. | Сонцето заоѓа во 16 06 | |
| 23. | Сабота | Псалм 101. | Сонцето заоѓа во 16 05 | |
| 24. | Недела | Нем. 8:14-18. | Коп. на век. 76. | Пл. Ер. 2:18-22. |
| 25. | Понеделник | Нем. 9:6-11. | Коп. на век. 77. | Пл. Ер. 3:1-8. |
| 26. | Вторник | Нем. 9:12-17. | Коп. на век. 78. | Пл. Ер. 3:9-17. |
| 27. | Среда | Нем. 9:18-24. | Коп. на век. 79. | Пл. Ер. 3:18-24. |
| 28. | Четврток | Нем. 9:32-38. | Коп. на век. 80. | Пл. Ер. 3:25-33. |
| 29. | Петок | Евр. 11:1-6. | Сонцето заоѓа во 16 02 | |
| 30. | Сабота | Псалм 100. | Сонцето заоѓа во 16 02 | |

# Декември – 2024

| Дат. | Ден | Утринска молитва | Вечерна молитва | За оние кои немаат свед. |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Недела | Мат. 8:5-10. | Коп. на век. 81. | Пл. Ер. 3:34,35. |
| 2. | Понеделник | Мат. 9:1-7. | Коп. на век. 82. | Пл. Ер. 3:46-56. |
| 3. | Вторник | Мат. 15:21-28. | Коп. на век. 83. | Пл. Ер. 3:57-66. |
| 4. | Среда | Мат. 17:19-21. | Коп. на век. 84. | Пл. Ер. 4:1-5. |
| 5. | Четврток | Мат. 2:1-9. | Коп. на век. 85. | Пл. Ер. 4:6-10. |
| 6. | Петок | Марко 2:1-9. | Сонцето заоѓа во 16 01 | |
| 7. | Сабота | Псалм 98. | Сонцето заоѓа во 16 00 | |
| 8. | Недела | Марко 4:36-41. | Коп. на век. 86. | Пл. Ер. 4:11-16. |
| 9. | Понеделник | Марко 10:46-52. | Коп. на век. 87. | Пл. Ер. 4:17-22. |
| 10. | Вторник | Лука 7:41-50. | Коп. на век. 88. | Пл. Ер. 5:1-7. |
| 11. | Среда | Лука 22:29-34. | Коп. на век. 89. | Пл. Ер. 5:15-22. |
| 12. | Четврток | Дела 3:13-16. | Коп. на век. 90. | Мат. 24:1-4. |
| 13. | Петок | Дела 6:3-8. | Сонцето заоѓа во 16 01 | |
| 14. | Сабота | Псалм 97. | Сонцето заоѓа во 16 01 | |
| 15. | Недела | Дела 11:21-24. | Коп. на век. 91. | Мат. 24:5-8. |
| 16. | Понеделник | Рим. 5:1-8. | Коп. на век. 92. | Мат. 24:9-13. |
| 17. | Вторник | Рим. 1:16-21. | Коп. на век. 94. | Мат. 24:14-19. |
| 18. | Среда | Рим. 10:10-17. | Коп. на век. 95. | Мат. 24:20-25. |
| 19. | Четврток | Ефес. 4:1-5. | Коп. на век. 96. | Мат. 24:26-28. |
| 20. | Петок | Ефес. 6:12-18. | Сонцето заоѓа во 16 03 | |
| 21. | Сабота | Псалм 96:1-8. | Сонцето заоѓа во 16 04 | |
| 22. | Недела | Фил. 1:27-29. | Коп. на век. 97. | Мат. 24:29-31. |
| 23. | Понеделник | 1 Сол. 5:4-8. | Коп. на век. 98. | Мат. 24.31-36. |
| 24. | Вторник | 1 Тим. 6:12-16. | Коп. на век. 99. | Мат. 24:37-41. |
| 25. | Среда | 2 Тим. 4:5-8. | Коп. на век. 100. | Мат. 24:42-44. |
| 26. | Четврток | Евр. 12:1-4. | Коп. на век. 101. | Мат. 24:45-51. |
| 27. | Петок | 1 Јов. 5:1-4. | Сонцето заоѓа во 16 07 | |
| 28. | Сабота | Псалм 95:1-7. | Сонцето заоѓа во 16 08 | |
| 29. | Недела | Откр. 14:12-16. | Коп. на век. 102. | Мар. 13:33-37. |
| 30. | Понеделник | Откр. 15:1-8. | Коп. на век. 103. | Мар. 14:33-38. |
| 31. | Вторник | Откр. 16:12-18. | Коп. на век. 104. | Мар. 21:25-33. |

# Доброволен дар во првата сабота




**5. октомври**
Дар во првата сабота за црквата во Рединг, Пенсилванија, САД
(страна 4)

**2. ноември**
Дар во првата сабота за одделот за литература на Генералната конференција
(страна 30)







**7. декември**
Дар во првата сабота за седиштето на Колумбиската Унија
(страна 51)